ПОСВЕТЕН ЖИВОТ

Елена Вајт



ПОСВЕТЕН ЖИВОТ

Наслов на оригиналот:

THE SANCTIFIED LIFE

Еден збор за читателите

на оваа книга

Под главен наслов „Посветување", во првите изданија на „Review and Herald" за 1881 година, излезе серија корисни статии од перото на Елена Г, Вајт. Пишувајќи со длабоко искуство во Божјите работи и со ум и срце расветлени од Светиот Дух, таа внимателно ги истражувала елементите на вистинското посветување и ги споредувала со разни нечесни, но популарни теории за овој предмет. {ПЖ 5.1}

Во истата деценија овие единаесет статии биле собрани и издадени како книшка под наслов „Библиско посветување" и се појавиле во јануари 1889 година, како мало Сведоштво бр.1 на Библиската студентска библиотека. {ПЖ 5.2}

Во 1937 година, под попознатиот наслов „Посветен живот", овој материјал бил повторно печатен, со додаток на една статија од делото „Пророци и цареви" и книшката го добила сегашниот облик, во кој повеќе пати е печатена. Оваа мала книга стаса до многу илјади читатели. {ПЖ 5.3}

Во нов формат, но без никакви измени во технички поглед, оваа длабоко духовна и долговечна книга е издадена за уште подалечно ширење. За многу поудобно користење од страна на читателите, на крајот е додаден опширен индекс на предметите за кои се работи во книгата. {ПЖ 5.4}

Овој индекс во потполност се согласува со големиот Индекс на списите на Е. Г. Вајт, а цитати од ова дело се наоѓаат во Библискиот коментар на А.С.Д. {ПЖ 5.5}

Одбор за списите на Елена Г. Вајт

Вашингтон, јули, 1956 година

Поглавје 1

Споредба на вистинските и лажните теории

Посветувањето опишано во Светото Писмо е поврзано со целото битие — духот, душата и телото. Тука е вистинската идеја за целосна посветеност. Павле се молел црквата во Солун да го ужива овој голем благослов: „А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè, и целиот ваш дух, и душата, и телото да се запазат без порок за доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!“ (1 Солунјаните 5:23). {ПЖ 7.1}

Во религиозниот свет постои една теорија за посветување која е сама по себе погрешна и опасна по своето влијание; во многу случаи, оние што го признаваат посветувањето, не го поседуваат во вистинска смисла, бидејќи нивното „посветување“ се сведува на зборување и формално богослужение. Оние, пак, кои навистина се трудат да го усовршат христијанскиот карактер никогаш нема да помислат дека се безгрешни: иако нивните животи можат да бидат беспрекорни и тие да бидат живи претставници на вистината што ја прифатиле, сепак, колку повеќе ги насочуваат своите мисли кон Христовиот карактер и колку повеќе се приближуваат до Неговиот божествен лик, толку појасно ќе го препознаат Неговото беспрекорно совршенство и толку подлабоко ќе ги почувствуваат сопствените недостатоци. {ПЖ 7.2}

Кога луѓето тврдат дека се свети, тие даваат доволно докази дека се далеку од светоста, бидејќи не ја согледуваат сопствената слабост и мизерија; сметаат дека го одразуваат Христовиот лик затоа што немаат вистинско познавање за Него, и колку е поголемо растојанието меѓу нив и нивниот Спасител, толку поправедни изгледаат во сопствените очи. {ПЖ 8.1}

Меѓутоа, кога со покајничка и понизна доверба размислуваме за Исуса, Кој бил прикован за нашите гревови и обременет со нашите грижи, тогаш ќе научиме да одиме по Неговите стапки; со гледањето во Него се преобразуваме во Неговиот божествен лик, и кога ова дело се врши во нас, нема да зборуваме дека сме праведни, туку ќе Го воздигаме Христа, потпирајќи ги своите немоќни души врз Неговите заслуги. {ПЖ 8.2}

Самоправедноста осудена

Нашиот Спасител секогаш ја осудувал самоправедноста и ги учел Своите ученици дека најголем пример на религија е оној што се манифестира на тивок, ненаметлив

начин; Тој ги предупредувал делата на милост да ги прават тајно, без истакнување, за да не бидат пофалени или почестени од луѓето, туку за слава на Бога, очекувајќи ја својата награда во иднината, зашто ако прават добри дела за да бидат пофалени од луѓето, нема да добијат никаква награда од нивниот Небесен Отец. {ПЖ 8.3}

Христовите следбеници биле поучени да не се молат за да бидат слушнати од луѓето: „Но ти, кога се молиш, влези во својата скришна соба и, откако ќе ја затвориш вратата, помоли Му се на твојот Отец, Кој е во тајност; и Тој, Кој гледа тајно, ќе те награди (јавно)“ (Матеј 6:6). Ваквите изрази од усните Христови покажуваат дека Тој не одобрува таков вид побожност, толку распространет меѓу фарисеите. Неговата Беседа на гората покажува дека делата на милосрдието добиваат благородна форма, а обредот на верското богослужение шири најскапоцен мирис, кога се изведуваат скромно, во покајание и понизност; чистиот мотив го посветува делото. {ПЖ 8.4}

Вистинското посветување е целосна усогласеност со Божјата волја: бунтовните мисли и чувства се надминати, а Исусовиот глас буди нов живот што продира во целото битие. Оние кои навистина се посветени нема да го истакнуваат своето мислење како стандард за добро и зло; тие не се фанатици ниту самоправедници, туку секогаш се плашат дека, поради своите недостатоци, нема да успеат да ги исполнат условите што се темелат на ветувањата. {ПЖ 9.1}

Замена на чувството за разум

Многумина кои исповедаат посветеност потполно го занемаруваат влијанието на милоста врз срцето; кога ќе бидат искушувани и тестирани, излегуваат како самоправедниот фарисеј. Тие не поднесуваат противречности, го отстрануваат разумот и расудувањето и целосно се потпираат на своите чувства, базирајќи ги своите тврдења за посветувањето на емоциите што некогаш ги доживеале. Тие се тврдоглави и изопачени во истакнувањето на своите непопустливи тврдења за наводната светост; изговараат многу зборови, но не донесуваат никаков вреден плод како доказ. Овие луѓе, кои тврдат дека се свети, не само што ги мамат сопствените души, туку вршат и заводливо влијание врз многумина кои искрено сакаат да се усогласат со Божјата волја. Може да се слушнат како постојано ги повторуваат зборовите: „Бог ме води! Бог ме учи! Јас живеам без грев!“ Многумина кои доаѓаат во контакт со овој дух наидуваат на мрак, на нешто таинствено што не можат да го разберат; меѓутоа, тоа е она што е спротивно на Христа, единствениот вистински Пример. {ПЖ 9.2}

Библиското посветување не се состои во силни емоции или чувства — тука многумина грешат, затоа што од своите чувства прават критериуми и мерила. Кога ќе доживеат возбуда или среќа, тие тврдат дека се посветени; но чувството на среќа, како и недостатокот на радост, не се доказ дека некое лице е посветено или не. Не постои такво нешто како моментално посветување. Вистинското посветување е

секојдневно дело што трае цел живот. Оние што се борат со секојдневните искушенија, ги совладуваат своите грешни склоности и се стремат кон светоста на срцето и животот, не подигаат пофални тврдења за светоста; тие се гладни и жедни за правда, а гревот им изгледа прекумерно грешен. {ПЖ 10.1}

Постојат луѓе кои си ја припишуваат светоста со самото исповедање на вистината, како и нивните браќа, и можеби е тешко да се направи разлика меѓу нив, но разлика сепак постои: сведочењето на оние што бараат така возвишено искуство ќе предизвика слаткиот Христов Дух да се повлече од собранието, оставајќи студено влијание врз присутните, додека, доколку тие навистина живеат без грев, нивното присуство ќе ги привлечеше светите ангели во собранието, а нивните зборови навистина би биле „како златно јаболко во сребрена кошничка“ (Изреки 25:11). {ПЖ 10.2}

Време на проба

Во лето, додека ги гледаме дрвјата во далечната шума, облечени во прекрасна зелена наметка, можеби нема да можеме да направиме разлика меѓу зимзелените и другите дрвја; но, како што се приближува зимата и ледениот цар ќе ги стегне во својата ладна прегратка, одземајќи им го на другите дрвја прекрасното зеленило, тогаш зимзелените дрвја лесно се препознаваат. Така ќе биде со сите што одат понизно, не надевајќи се на себе, туку треперејќи се држат за Христовата рака, додека оние што се самоуверени и имаат доверба во сопственото совршенство на карактерот ја губат својата лажна облека на праведност кога се изложени на бурите на искушенијата; вистинските праведници, пак, кои искрено Го сакаат и се плашат од Бога, носат наметка на Христовата праведност и во благосостојба и во неволја. {ПЖ 11.1}

Самоодрекувањето, пожртвуваноста, добронамерноста, љубезноста, трпението, постојаноста и христијанската доверба се секојдневни плодови на оние кои се вистински поврзани со Бога. Нивните постапки можеби не мора да бидат покажани пред светот, но тие секојдневно се борат со злото и извојуваат вредни победи над искушението и гревот. Свечените завети се обновуваат и се одржуваат со силата добиена од искрената молитва и постојаната будност. Огниот ентузијаст не ги согледува борбите на овие тивки работници, но окото на Оној Кој ги гледа тајните на срцето го забележува и го одобрува секој напор направен во понизност и кротост. Потребно е време на проба за да се открие чистото злато на љубовта и верата во карактерот. Кога на црквата ќе ѝ дојдат искушенија и дилеми, тогаш ќе се открие непоколебливата ревност и топлите чувства на вистинските Христови следбеници. {ПЖ 11.2}

Тажни сме кога гледаме како наводните христијани застрануваат по лажни и маѓепсувачки теории дека се совршени, затоа што е многу тешко да се разубедат и да се доведат на вистинскиот пат. Тие настојуваат да создадат убав надворешен изглед, додека им недостасува внатрешниот украс — кротоста и понизноста на Христос. Времето на искушението ќе дојде за сите, и тогаш ќе се види дека надежите на многумина, кои со години сметале дека се безбедни, ќе бидат без темел. Тогаш, во нови ситуации, под различни околности, некои што изгледале дека се столбови во домот Божји ќе се открие дека се само расипано дрво, лакирано однадвор. Но понизните во срцето, кои секојдневно чувствувале колку е важно да ја приврзат својата душа за вечната Карпа, ќе стојат неподвижни среде бурите на искушенијата, затоа што не се надеваале на себе: „Но Божјата цврста основа стои непоколебливо, имајќи го овој печат: 'Ги познава Господ оние кои се Негови'“ (2 Тимотеј 2:19). {ПЖ 12.1}

Нормално донесуваат плодови

Оние што се обидуваат да го свртат вниманието кон своите добри дела постојано зборуваат за својата безгрешна состојба и настојуваат да ги истакнат своите религиозни достигнувања, мамејќи ја на тој начин сопствената душа. Еден здрав човек, кој е во состојба да се занимава со животни професии и кој од ден на ден оди на својата работа со весел дух и со здрава крв што тече во неговите вени, не го привлекува вниманието на секој што ќе го сретне со своето телесно здравје; здравјето и виталноста се природна состојба на неговиот живот, и затоа тој едвај е свесен дека ужива во таков богат благослов. {ПЖ 12.2}

Така е и со вистински праведниот човек. Тој е несвесен за својата добрина и побожност. Религиозните принципи станале извор на живот во неговиот живот и однесување, и за него е исто толку природно да носи духовни плодови, како што е природно смоквата да раѓа смокви или розовата грмушка да дава рози. Неговата природа е толку длабоко проткаена со љубов кон Бога и кон своите ближни, што со радост ги врши Христовите дела. {ПЖ 13.1}

Секој што стапува во сферата на неговото влијание ја согледува убавината и мирисот на неговиот христијански живот, додека самиот тој не е свесен за тоа, затоа што сето тоа е во склад со неговите навики и склоности. Тој се моли за божествена светлина и сака да оди во таа светлина; негово јадење и пиење е да ја извршува волјата на својот небесен Отец. Неговиот живот е скриен со Христа во Бога, но сепак тој не се фали со тоа, ниту изгледа дека е свесен за тоа. Бог им се насмевнува на скромните и понизните, кои внимателно ги следат стапките на Учителот. Ангелите им се приближуваат и постојано ги следат. Тие можат да бидат занемарени како недостојни за внимание од страна на оние што тврдат дека стекнале возвишени достигнувања и кои се радуваат да ги истакнуваат своите добри дела, но небесните ангели бдеат со љубов над нив и стојат како огнен ѕид околу нив. {ПЖ 13.2}

Зашто Христос бил отфрлен?

Нашиот Спасител бил Светлина на светот, но светот не Го препознал. Тој постојано бил зафатен со добротворни дела, расветлувајќи го патот на сите; сепак, не ги повикувал оние со кои се мешал да ги гледаат Неговите беспрекорни доблести, Неговото самоодрекување, пожртвуваноста и добродетелта. Евреите не се восхитувале на таквиот живот; тие сметале дека Неговата религија е безвредна, затоа што не одговарала на нивниот стандард на побожност. Според нивното сфаќање, Исус не бил религиозен по дух или карактер, бидејќи нивната религија се состоела во истакнување, во јавни молитви по улиците и во извршување добри дела за да остават впечаток пред другите. Тие ги разгласувале своите добри дела, како што денес тоа го прават оние што бараат посветување пред народот; тие би сакале сите да разберат дека се без грев. Меѓутоа, целиот Христов живот бил во директна спротивност со ова: Тој не барал ниту чест ниту добивка. Своите чудесни дела на исцелување ги вршел колку што е можно потивко, иако не можел да го задржи воодушевувањето на оние што ги примиле Неговите големи благослови. Понизноста и кротоста го обележувале Неговиот живот, и токму поради таа понизност и скромност, која била во толкава спротивност со нивниот начин на живот, фарисеите не Го прифатиле. {ПЖ 14.1}

Кротоста е плод на Духот

Најскапоцениот плод на посветувањето е милоста на кротоста. Кога оваа милост преовладува во душата, расположението се обликува под нејзиното влијание: постојано се чека на Бога и се потчинува на Неговата волја. Со разбирање ја прифаќаме секоја божествена вистина и се приклонуваме кон секое Божјо правило, без сомневање и мрморење. Вистинската кротост го омекнува и го покорува срцето и му дава на разумот способност да ја вреже Речта; таа ги води мислите во покорност кон Христа, го отвора срцето за Божјата реч, како што го отворила и Лидија, и нè става со Марија да седиме и да слушаме пред Исусовите нозе: „Ги упатува понизните кон правда и ги учи понизните на Своите патишта“ (Псалм 25:9). {ПЖ 14.2}

Јазикот на кротките никогаш не е јазик на фалење. Како детето Самоил, тие се молат: „Говори, Господи, бидејќи Твојот слуга слуша“ (1 Самоилова 3:9). Кога Исус Навин бил поставен на највисоката чесна положба како заповедник на Израел, тој давал наредби за отпор против сите непријатели Божји и неговото срце било исполнето со благородни мисли за големата мисија; сепак, во стравопочит пред една порака од Небото, се ставил во положба на мало дете што треба да биде насочено: „Што ќе му заповедаш на својот слуга?“ (Исус Навин 5:14) — бил неговиот одговор.

Првите зборови на Павле, откако Исус му се открил, биле: „Господи, што сакаш да направам?“ (Дела 9:6). {ПЖ 15.1}

Во Христовото училиште, кротоста е еден од најзначајните плодови на Духот. Тоа е благодат преку која Светиот Дух го посветува и го оспособува човекот во секое време да има контрола над избрзаниот и насилен темперамент. Кога благодатта на кротоста ја негуваат оние што по природа се со жесток карактер, тие ќе вложат големи напори да го совладаат својот несреќен темперамент. Тие секој ден ќе настојуваат да се совладуваат, сè додека не го победат сето она што е нељубезно и што не прилега на Христа. Така стануваат сè послични на божествениот Пример, додека не бидат во состојба да се покорат на вдахновеното барање: „Секој човек нека биде брз за слушање, а спор за зборување, и бавен за гнев“ (Јаков 1:19) {ПЖ 15.2}

Кога човек тврди дека е свет, а сепак со зборови и дела претставува извор од кој тече горчлива вода, можеме сигурно да кажеме дека тој човек е измамен. Тој треба да ги учи првите букви на христијанскиот живот. Некои што тврдат дека се Христови слуги одамна ги избрале злите демони, затоа што ги сакаат непосветените елементи и уживаат да изговараат зборови што навредуваат и раздразнуваат. Овие луѓе мора да се обратат, за Исус да може да ги признае за Свои деца. {ПЖ 16.1}

Кротоста е внатрешен украс кој Бог го смета за многу скапоцен. Апостолот зборува за неа како за нешто повозвишено и поскапоцено од златото, бисерите или скапоцените камења. Додека надворешниот украс го разубавува само смртното тело, украсот на кротоста ја украсува душата и го поврзува ограниченият човек со бесмртниот Бог. Ова е украс што самиот Бог го одбрал. Оној Кој ги украсува небесата со сјајни ѕвезди ветил дека со тој ист Дух ќе „ги возвиши кротките, спасувајќи ги“ (Псалм 149:4). Небесните ангели ќе ги регистрираат како најдобро украсени оние што се облекуваат во Господа Исуса Христа и одат со Него во кротост и понизност на духот. {ПЖ 16.2}

Постојат големи дострели за христијанинот; тој секогаш може да се искачи на повисоки достигнувања. Јован имал возвишена идеја за предноста на христијанинот и вели: „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот — да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме“ (1 Јованово 3:1). Не е можно човештвото да се искачи на повисоко достоинство од она што се подразбира тука. На човекот му е дадена привилегија да стане наследник Божји и заеднички наследник со Христос. На оние што се возвишени на овој начин им се откриваат неистражените богатства на Христос, кои се илјада пати повредни од сите богатства на овој свет. Така, благодарение на заслугите на Исус Христос, ограниченият човек се издигнува во заедница со Бога и со Неговиот драг Син. {ПЖ 16.3}

Поглавје 2

Даниеловите принципи на умереност

Пророкот Даниел е славна личност. Тој е светол пример за тоа што можат да станат луѓето кога ќе се обединат со Богот на мудроста. Краток извештај за животот на овој Божји човек е оставен во Библијата за охрабрување на оние кои подоцна ќе бидат повикани да издржат слични проби и искушенија. {ПЖ 18.1}

Кога Израелците — нивниот цар, благородниците и свештениците — биле одведени во ропство, четворица од нив биле избрани да служат во дворот на вавилонскиот цар. Еден од нив бил Даниел, кој уште од рани години ветувал дека ќе се развие во извонредно способно момче. Сите овие млади луѓе биле од царски род и опишани се како „момчиња кои немаа никаков телесен недостаток“, кои биле убави и поучени на секоја мудрост, „способни за секаква наука, добро воспитани, бистри, што ќе одговараат за служење во царските палати“ (Даниел 1:4). Согледувајќи ги надмоќните таленти на овие млади заробеници, царот Навуходоносор решил да ги подготви да заземат важни положби во неговото царство. За да бидат целосно оспособени за дворскиот живот, според источниот обичај, тие требало да го учат халдејскиот јазик, и три години биле подложени на темелен курс на физичко и интелектуално образование. {ПЖ 18.2}

Младите луѓе во оваа воспитна установа не само што биле примени во царскиот дворец, туку било предвидено да јадат царски јадења и да пијат царско вино од царската трпеза. Царот сметал дека со тоа не само што ќе им укаже голема чест, туку и ќе им обезбеди најдобар физички и умствен развој што може да се постигне. {ПЖ 19.1}

Средба со тестот

Помеѓу храната што му била изнесувана на царот имало свинско месо, како и други видови месо прогласени за нечисти според Мојсеевиот закон, а на Евреите строго им било забрането да ги јадат. Тука Даниел бил ставен на тежок испит: дали ќе се придржува до учењето на своите татковци во однос на јадењето и пиењето и со тоа ќе го разгневи царот, а можеби ќе ги загуби не само својата положба туку и животот; или ќе ја занемари Господовата заповед и ќе ја задржи наклоноста на царот, обезбедувајќи си на тој начин големи интелектуални предности и најласкави световни перспективи? {ПЖ 19.2}

Даниел не се двоумел долго. Тој одлучил да остане цврст во одбрана на својот интегритет, без оглед на исходот. Тој „науми да не се осквернува со јадењето од царската трпеза и од виното што го пиеше царот“ (Даниел 1:8). {ПЖ 19.3}

Ниту ограничен, ниту фанатик

Има многумина меѓу денешните таканаречени христијани кои за Даниел би рекле дека бил премногу посебен и би го прогласиле за ограничен и фанатик. Тие сметаат дека прашањето за јадење и пиење е премногу безначајно за да се бара така цврст став — став што вклучува жртвување на сите земски предности. Но оние што расудуваат на тој начин, на денот на Божјиот суд ќе откријат дека отстапиле од јасните божествени барања и дека го поставиле сопственото мислење како мерило за правилно и погрешно. Тогаш ќе увидат дека она што им се чинело безначајно не било такво во Божјите очи. Неговите барања треба неприкосновено да се послушаат. Оние што прифаќаат и се покоруваат само на некои од Неговите заповеди — затоа што така им одговара — а отфрлаат други затоа што нивното држење бара жртва, го спуштаат стандардот на правдата и со својот пример ги наведуваат и другите да го омаловажуваат Божјиот свет закон. „Така вели Господ“ треба да биде наше правило во сè. {ПЖ 19.4}

Беспрекорен карактер

Даниел бил подложен на најтешките искушенија што можат да ја снајдат денешната младина, но сепак останал верен на религиозните упатства што ги добил во рана возраст. Тој бил опкружен со влијанија пресметани да ги соборат оние што се колебаат меѓу принципот и склоноста; но сепак Божјата реч ни го претставува како беспрекорен карактер. Даниел не се осмелувал да се потпре на сопствената морална сила — нему молитвата му била неопходна. Тој го направил Бога своја сила, а стравот Божји бил постојано пред него во сите постапки на неговиот живот. {ПЖ 20.1}

Даниел ја поседувал милоста на вистинската кротост. Тој бил верен, цврст и благороден. Се трудел да живее во мир со сите, меѓутоа бил исправен како кедар кога станувало збор за начелата. Во сè што не било во спротивност со неговата верност кон Бога, се однесувал со почит и покорност кон оние што имале моќ над него; но имал возвишено чувство за Божјите барања, така што барањата на земните владетели секогаш доаѓале на второ место. Не било можно со каква било себична мисла да биде заведен да отстапи од својата должност. {ПЖ 20.2}

Карактерот на Даниел е претставен пред светот како впечатлив пример за тоа што може да направи Божјата милост за луѓето кои по природа се паднати и расипани од гревот. Извештајот за неговиот благороден живот, полн со самооткажување, им дава

охрабрување на денешните генерации. Од него можеме да црпиме сила храбро да се спротивставиме на искушението и, со благодатта на кротоста, цврсто да се залагаме за правото, дури и под најтешки искушенија. {ПЖ 22.1}

Божјото одобрување помило од животот

Даниел можел да пронајде оправдан изговор за да отстапи од своите строги навики на умереност; меѓутоа, Божјото одобрување му било помило отколку наклоноста на најмоќниот земен владетел — дури и поскапоцено од самиот живот. Откако со своето љубезно однесување ја стекнал наклоноста на Ашпеназ, службеникот одговорен за еврејските момчиња, Даниел го замолил да им дозволи да не јадат од царските јадења и да не пијат од неговото вино. Ашпеназ се плашел дека, ако го исполни ова барање, може да го навлече врз себе незадоволството на царот и со тоа да си го загрози животот. Како и многумина денес, тој мислел дека воздржувањето од царската храна кај овие момчиња ќе предизвика бледило на лицето и малаксаност на мускулната сила, додека раскошната храна од царската трпеза ќе ги направи румени и убави и ќе ја зајакне нивната телесна и ментална активност. {ПЖ 21.2}

Даниел побарал прашањето да се реши така што тие би биле подложени на десетдневна проба: еврејските момчиња во тој период да јадат само едноставна храна, додека нивните колеги да се хранат од царската трпеза. На крајот, барањето било прифатено, а Даниел бил сигурен дека ја постигнал својата цел. Иако бил млад, тој го согледал штетното дејство на виното и раскошниот живот врз физичкото и менталното здравје. {ПЖ 22.1}

Бог го оправдува својот слуга

На крајот од десетте дена се покажало дека резултатот е сосема спротивен од очекувањата на Ашпеназ. Не само по личниот изглед, туку и по физичката активност и менталната енергија, оние што биле умерени во своите навики покажале значителна надмоќ во однос на своите колеги кои му попуштиле на апетитот. Како резултат на оваа проба, на Даниел и на неговите другари им било дозволено да продолжат со својата едноставна исхрана за целото време на нивното школување за царските должности. {ПЖ 22.2}

Господ со одобрување гледал на решителноста и самоодрекувањето на овие еврејски момчиња, и Неговиот благослов бил над нив. „И им дарува Бог на четирите момчиња знаење и разбирање на секаква книга и мудрост, а на Даниил му подари уште да толкува секакви виденија и соништа“ (Даниел 1:17). По истекот на тригодишното школување, кога царот лично ги испробал нивните способности и вештини, тој не

нашол „ниту еден како што беа Даниел, Ананија, Мисаил и Азарија, и потоа тие почнаа да служат пред царот. И во сè за што се бараше мудрост и разбирање, и за што и да ги прашаше царот, ги најде за десетпати подобри од сите гатачи и гледачи, колку што ги имаше во целото негово царство“ (Даниел 1:19,20). {ПЖ 22.3}

Самоконтролата - состојба на посветувањето

Животот на Даниел претставува вдахновена слика на она што го сочинува светиот карактер. Тој е поука за сите, а особено за младината. Точното исполнување на Божјите барања е благотворно за здравјето на телото и духот. За да се достигне највисок степен на морално и интелектуално растење, неопходно е да бараме мудрост и сила од Бога и строго да се држиме до умереноста во сите животни навики. Во искуството на Даниел и на неговите другари имаме пример за триумф на принципот над искушението да му се попушти на апетитот. Тоа ни покажува дека преку верските начела младите можат да триумфираат над телесните страсти и да останат верни на Божјите барања, дури и кога тоа би барало голема жртва. {ПЖ 23.1}

Што би се случило ако Даниел и неговите другари направеа компромис со тие незнабожечки службеници и попуштеа под притисокот да јадат и пијат како што било обичај кај Вавилонците? Тој единствен пример на отстапување од начелата ќе го ослабеше нивното чувство за правда и нивното згрозување од неправдата и гревот. Попуштањето на апетитот ќе предизвикаше жртвување на физичката сила, чистотата на умот и духовните сили. Еден погрешен чекор можеше да повлече и други, сè додека нивната врска со небото не биде сериозно загрозена. {ПЖ 23.2}

Бог рекол: „Ќе ги прославам оние, кои Мене Ме прославуваат“ (1 Самоилова 2:30). Даниел се држел за Бога со непоколеблива доверба и силата на Духот на пророштвото дошла врз него. Додека луѓето го подготвувале за должностите на дворскиот живот, Бог го поучувал да ги чита тајните на идните векови низ генерациите што доаѓаат, опишувајќи ги фигурите и симболите и чудните настани што ќе дојдат и ќе се исполнат во овие последни денови. {ПЖ 24.1}

Поглавје 3

Контрола на апетитот и страстите

Зауздувањето на телесните желби „што војуваат против душата“ — тоа се зборови на апостол Петар (1 Петрово 2:11). Многумина мислат дека овој текст е само предупредување против распуштеноста; меѓутоа, тој има многу пошироко значење: го забранува секое штетно задоволување на апетитот или на желбите. Никој од верните да не биде рамнодушен кон телесното здравје и да не си ласка дека неумереноста не е грев и дека нема да ѝ наштети на неговата духовност. Помеѓу физичката и моралната природа постои тесна врска. Секоја навика што не го унапредува здравјето ги нарушува возвишените и благородните способности. Лошите навики во јадењето и пиењето водат до грешни мисли и дела. Попуштањето на апетитот ги засилува животинските склоности, давајќи им превласт над душевните и духовните сили. {ПЖ 25.1}

Никој не може да се радува на благословите од посветувањето додека е себичен и ненаситен. Многумина стенкаат под бремето на слабостите и немоќта поради лошите навики во исхраната, со кои се кршат законите на животот и на здравјето. Тие ги исцрпеле своите органи за варење попуштајќи му на изопачениот апетит. Силата на човечкиот склоп се спротивставува на злоупотребата на чудесен начин, но постојаните штетни навики на прекумерно јадење и пиење ќе ја ослабнат секоја функција на телото. Со задоволувањето на изопачениот апетит и страстите, дури и признаените христијани ја спречуваат природата во нејзината работа и ја намалуваат физичката, менталната и моралната сила. Секој слаб човек треба да размисли што би можело да биде кога би живеел умерено и би го унапредувал здравјето, наместо да го злоупотребува. {ПЖ 25.2}

Не е невозможен стандард

Апостол Павле пишува: „А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè“ (1 Солунјаните 5:22). Павле не ги опоменува своите браќа да се трудат за степен на совршенство што не може да се постигне; тој не се моли за благослови што Бог не сака да им ги даде. Тој знае дека сите што сакаат да се удостојат за средба со Христа во мир мора да поседуваат чист и свет карактер. „Секој натпреварувач се воздржува од сè: тие — за да добијат распадлив венец, а ние — нераспадлив. Јас, пак, така трчам, но не како без цел; не се борам како оној што удира по ветар, туку го истоштувам и го поробувам телото, та, проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен“ (1 Коринтјаните 9:25–27). „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ви е даден од Бога, и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји“ (1 Коринтјаните 6:19,20). {ПЖ 26.1}

Една неосквернета жртва

Повторно апостолот им пишува на верниците: „Браќа, во името на Божјото милосрдие ве молам: подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога — како ваша духовна богослужба“ (Римјаните 12:1). На стариот Израел му биле дадени посебни упатства дека никакво болно или хромо животно не смее да се принесе како жртва пред Бога. Само најсовршеното било избирано за жртва. Господ, преку пророкот Малахија, најсериозно го предупредил Својот народ за отстапување од овие упатства. {ПЖ 27.1}

„Синот го почитува татко си, а робот — господарот свој; а ако сум Јас Татко, тогаш каде е почитта кон Мене? И ако сум Јас Господ, тогаш каде е стравот пред Мене? — вели Господ Саваот. Вие, свештеници, кои го презирате името Мое, велите: ‘Во што го презираме името Твое?’ На жртвеникот Мој вие принесувате опоганет леб, а велите: ‘Со што Те осквернуваме?’ — Со тоа што велите: ‘Трпезата Господова не заслужува почитување.’ И кога како жртва принесувате слеп добиток — нели е тоа лошо? Или кога принесувате куцо и болно — зар и тоа не е лошо? Ако го однесеш тоа на твојот кнез — ќе биде ли тој задоволен од тоа и ќе те прими ли со радост? — вели Господ Саваот. И така, молете Му се на Бога за да нè помилува; но штом таква работа излегува од рацете ваши, ќе може ли Тој тоа милостиво да го прими? — вели Господ Саваот. Подобро е некој од вас да ја затвори вратата и да не се пали напразно оган на Мојот жртвеник! Не сте Ми мили, вели Господ Саваот, и не сакам да примам дар од вашите раце. Зашто од сончевиот исток па сè до запад името Мое е големо меѓу народите, и тие на секое место принесуваат темјан и чиста жртва; големо е името Мое меѓу народите, вели Господ Саваот... принесувате крадено, куцо и болно, а притоа принесувате уште и таков лебен дар; па можам ли со благонаклоност да го примам тоа од вашите раце? — вели Господ Саваот“ (Малахија 1:6–13). {ПЖ 27.2}

Иако овие зборови се упатени кон стариот Израел, тие содржат поука и за денешниот Божји народ. Кога апостолот апелира до своите браќа да ги принесат телата свои како „жртва жива, света и благоугодна на Бога“, тој ги изнесува начелата на вистинското посветување. Тоа веќе не е теорија, емоција или игра со зборови, туку живо, активно начело внесено во секојдневниот живот. Тоа бара нашите навики во јадењето, пиењето и облекувањето да бидат такви што ќе обезбедат заштита на физичкото, духовното и моралното здравје, за да можеме пред Бога да ги принесеме нашите тела — не како жртва расипана од лошите навики, туку како „жртва жива, света и благоугодна на Бога.“ {ПЖ 27.3}

Стимуланси и наркотици

Предупредувањето на Петар да се чуваме од телесните желби е едно од најдиректните и најсериозни предупредувања против употребата на сите видови стимулативни средства, како што се: рускиот чај, кафето, тутунот, алкохолот и

морфиумот. Овие задоволувања можат да се вбројат меѓу страстите што вршат погубно влијание врз моралниот карактер. Колку порано се стекнуваат овие навики, толку поцврсто ги држат своите жртви во ропство, и толку пониско ќе биде нивното духовно ниво. {ПЖ 28.1}

Библиското учење ќе има многу слабо влијание врз оние чии способности се умртвени преку угодување на себеси. Илјадници попрво ќе ги жртвуваат не само своето здравје и својот живот, туку и својата небесна надеж, отколку да се решат да војуваат против својот изопачен апетит. Една госпоѓа, која многу години тврдела дека е света, изјавила дека, кога би морала заради спасението да избере помеѓу небото и нејзиното луле, таа би рекла: „Збогум, небо! Јас не можам да ја совладам својата љубов кон лулето“. Овој идол бил скриен, оставајќи Му на Исуса второ место; но сепак оваа жена тврдела дека е во потполност Господова. {ПЖ 27.2}

Желбите што војуваат против душата

Каде и да се наоѓаат оние што се вистински посветени, тие ќе го воздигнуваат моралното гледиште, чувајќи правилни телесни навики и, како Даниел, ќе си даваат едни на други пример на умереност и самооткажување. Секој изопачен апетит станува воинствена страст што „војува против душата“. Сè што се спротивставува на природниот закон создава болежлива состојба во душата. Попуштањето на апетитот предизвикува стомачни болести и слабо варење, слаб џигер и замаглен мозок, со што се изопачуваат карактерот и духот на човекот. А вакви ослабени сили Му се принесуваат на Бога, Кој не ја прима ниту животинската жртва ако е со недостаток. Наша должност е да го доведеме својот апетит и своите животни навики во согласност со природниот закон. Ако телата принесени на Христовиот олтар бидат внимателно испитани како што тоа го чинеле свештениците со еврејските жртви — кој тогаш би бил примен? {ПЖ 29.1}

Со каква внимателност треба христијаните да ги регулираат своите навики, за да ја сочуваат полната сила и способност за служба на Христа! Ако сакаме да бидеме посветени со телото, душата и духот, мора да живееме во согласност со Божјиот закон. Срцето не можеме да го посветиме на Бога додека му дозволуваме на апетитот и на страстите да го нарушуваат здравјето и животот. Оние што ги престапуваат здравствените закони, од кои зависи животот, ќе претрпат последици: тие толку ги ограничуваат своите можности во секоја смисла, што не можат да ги извршуваат своите должности кон ближните како што треба и не можат во потполност да одговорат на Божјите барања. {ПЖ 29.2}

Кога Лорд Палмерстон, премиерот на Англија, бил замолен од еден шкотски свештеник да одреди ден за пост и молитва за спречување на колерата, тој налутено одговорил: „Исчистете ги и дезинфицирајте ги вашите улици и куќи, унапредете ја чистотата и здравственоста меѓу сиромашните, настојувајте сите да бидат доволно

снабдени со добра храна и облека, преземете вистински санитарни мерки воопшто — и тогаш нема да имате причини за пост и молитва; затоа што Господ нема да ги услиши вашите молитви додека овие Негови превентивни мерки остануваат занемарени“. {ПЖ 30.1}

Павле вели: „Да се очистиме од секоја нечистота на телото и на духот, исполнувајќи ја светоста во страв Божји“ (2 Коринтјаните 7:1). Тој ни ја изнесува слободно, за наше охрабрување, радосната вест за вистинското посветување: „И сега нема никакво осудување за оние кои се во Исус Христос“ (Римјаните 8:1). Тој ги опоменува Галатјаните: „Живејте по Духот, и нема да им угодувате на телесните страсти“ (Галатјаните 5:16). И предупредува на некои телесни желби — служење на идоли… пијанство, пирови и други слични работи. По набројувањето на духовните плодови, меѓу кои е и умереноста, тој додава: „Оние, пак, кои се Христови, го распнаа телото свое со страстите свои и похотите.“ {ПЖ 30.2}

Тутун

Јаков вели дека премудроста што доаѓа одозгора „е најнапред чиста“ (Јаков 3:17). Кога би ги видел своите браќа како пушат тутун, зар не би го оценил тоа како земно, човечко, ѓаволско? Во овој век на христијанска просветленост, колку често усните што го споменуваат слаткото Исусово име се извалкани со тутунска плунка и здив од никотин! Навистина, душата што може да се радува на таква нечистотија и самата мора да биде извалкана. Кога ги набљудував луѓето кои тврдат дека се радуваат на благословот од потполното посветување, а сепак се робови на тутунот, валкајќи се и себеси и околината, помислив: како би изгледало небото со пушачи во него? Божјата Реч јасно изјавува дека во небото „нема да влезе во него ништо нечисто и погано“. Како можат, тогаш, оние што си ја дозволуваат оваа нечиста навика да се надеваат дека ќе влезат во чистото небо? {ПЖ 30.3}

Луѓето што си ја присвојуваат побожноста, а сепак ја одржуваат оваа навика, ги жртвуваат своите тела на ѓаволскиот олтар и кадат со тутунскиот чад на неговото „сатанско величество“. Дали оваа изјава е престрога? Навистина, секое кадење му припаѓа на некое божество. Бидејќи Бог е чист и свет и не прима ништо што е нечисто по својот карактер, Тој не може да ја прими ниту оваа прескапа, погана и несвета тутунска „жртва“; затоа заклучуваме дека сатаната е оној што ја бара таа чест. {ПЖ 31.1}

Исус умрел за да ги истргне луѓето од сатанските стапици. Тој дошол да нè ослободи со крвта на Својата жртва за помирување. На човекот што станал Христова сопственост и чие тело е храм на Светиот Дух нема да му биде одобрена штетната навика да употребува тутун. Неговите сили Му припаѓаат на Христа, Кој ги откупил по цена на Својата крв. Човекот е Господова сопственост. Како тогаш може да биде

безгрешен ако секојдневно троши од Божјиот имот, задоволувајќи апетит што нема основа во природата. {ПЖ 31.2}

Годишно се трошат огромни суми на ова задоволство, додека многу души гинат без зборовите на животот. Признатите христијани Го крадат Бога во десетокот и даровите, а истовремено жртвуваат на олтарот на пропадливите страсти — како што е употребата на тутунот — многу повеќе од она што го даваат за помош на сиромашните или за напредокот на Божјото дело. Оние што навистина се посветени ќе ја победат секоја штетна желба. Кога сите тие средства би влегувале во Божјата ризница, христијаните би биле први во самооткажувањето, пожртвуваноста и умереноста. Тогаш би биле светлина на светот. {ПЖ 32.1}

Чај и кафе

Чајот и кафето, како и тутунот, имаат штетно влијание врз нервниот систем. Чајот содржи теин, кој е отровна супстанција; иако во помала мера, неговиот ефект сепак е од ист карактер како и оној на опојниот ликер. Кафето во голема мера може да го замагли разумот и да ја умртви енергијата. Тоа не е толку силно како тутунот, но има слично дејство. Аргументите што се изнесуваат против тутунот можат да се применат и против употребата на чајот и кафето. {ПЖ 32.2}

Кога оние што се навикнале да употребуваат чај, кафе, тутун, опиум или опојни ликери ќе бидат лишени од тие омилени навики, се чувствуваат немоќни да се ангажираат со интерес и ревност во службата на Бога. Божествената милост им изгледа недоволна да ги оживее или да ги воодушеви нивните молитви и сведоштва. Овие таканаречени христијани треба да го испитаат изворот на своето задоволство — дали е одозгора или одоздола. {ПЖ 32.3}

За корисник на надразнувачки средства (стимуланси) многу работи изгледаат невкусни и без никакво задоволство. Тие ги умртвуваат природните чувства на телото и духот и го прават човекот помалку чувствителен за влијанието на Светиот Дух. Во отсуство на омилениот стимуланс тој чувствува глад и жед на телото и душата — но не глад за правда или светост, ниту за Божјата присутност, туку за својот омилен идол. Со задоволувањето на штетните страсти и желби, таканаречените христијани секојдневно ги ослабуваат своите сили, правејќи се немоќни за прославување на Бога. {ПЖ 32.4}

Поглавје 4

Огнена печка

Во истата година кога Даниел и неговите другари стапиле во служба кај вавилонскиот цар, се случиле настани што ги ставиле на жестока проба верноста на овие еврејски момчиња и што, пред една идолопоклоничка нација, ја докажале силата и верноста на Израеловиот Бог. {ПЖ 34.1}

Додека царот Навуходоносор со вознемиреност гледал напред, кон претскажана иднина, сонил значаен сон од кој бил многу вознемирен, „и сонот побегнал од него“ (Даниел 2:1). Иако оваа визија оставила длабок впечаток врз неговиот дух, тој сепак не можел да се сети на подробностите од својот сон. Ги повикал своите гледачи и волшебници и, ветувајќи им големи награди, им заповедал да му го кажат сонот и соодветното толкување. Меѓутоа тие рекле: „Кажи им го на слугите свои сонот свој, и ние ќе ти го протолкуваме“ (Даниел 2:4). {ПЖ 34.2}

Царот знаел дека, ако тие навистина умеат да му го протолкуваат сонот, тогаш ќе можат да му кажат и што сонувал. Господ, во Своето провидение, му го дал на Навуходоносор овој сон, но направил царот да ги заборави неговите подробности — кои оставиле толку страшен впечаток врз неговиот ум — за да се разоткријат измамите на вавилонските мудреци. Царот бил многу гневен и заповедал тие да бидат погубени доколку, во определеното време, не го откријат сонот. Даниел и неговите другари биле осудени заедно со лажните пророци; меѓутоа, земајќи го животот во свои раце, тој се осмелил да се појави пред царот, молејќи да се одложи извршувањето на казната, со уверување дека ќе му го каже сонот и ќе му го даде соодветното толкување. {ПЖ 34.3}

Царот се согласил со овој предлог, а Даниел ги повикал своите другари заеднички да ја изнесат работата пред Бога, барајќи мудрост од Изворот на светлината и знаењето. Иако се наоѓале во царскиот дворец, опкружени со искушенија, тие не ја заборавиле својата одговорност кон Бога. Биле свесни дека Божјото провидение ги поставило таму каде што се, за да го вршат Неговото дело, стоејќи меѓу барањата на вистината и должноста. Тие се надеваа на Бога, обраќајќи Му се за помош среде неприликите и опасностите, и Тој секогаш им бил присутна помош. {ПЖ 35.1}

Тајната е откриена

Божјите слуги не се молеле залудно. Тие Го прославиле, и во часот на искушението Тој нив ги почитувал. Тајната му била откриена на Даниел, и тој побрзал да побара разговор со царот. {ПЖ 35.2}

Младиот еврејски заробеник стоел пред големиот монарх на најмоќната империја што сонцето некогаш ја огреало. Царот се наоѓал во голема неволја, и покрај сето свое богатство и слава, додека младиот роб бил мирен и спокоен во својот Бог. Сега или никогаш било време Даниел да се воздигне и да ја прикаже својата сопствена вредност и супериорната мудрост; меѓутоа, неговиот прв напор бил да ја отстрани секоја чест од себе и да Го возвиши Бога како извор на севкупната мудрост. {ПЖ 35.3}

„Тајната за која царот прашува не можат да му ја откријат на царот ни мудреците, ни маѓепсниците, ни јасновидците, ни гатачите. Но на небесата има Бог, Кој открива тајни, и Тој ќе му открие на царот Навуходоносор сè што ќе се збидне до последните денови“ (Даниел 2:27,28). Царот слушал со свечено внимание додека му бил повторно изложен секој детал од сонот; и кога толкувањето било верно дадено, почувствувал дека може со доверба да се потпре на него како на божествено откровение. {ПЖ 36.1}

Свечените вистини пренесени преку ова видение оставиле најдлабок впечаток врз срцето на моќниот суверен, и тој, во понизност и стравопочит, паднал ничкум на земјата и, обожавајќи Го Господа, рекол: „Навистина вашиот Бог е Бог над боговите и Господар на царевите, Кој открива тајни“ (Даниел 2:47). {ПЖ 36.2}

Златниот лик

Светлината што директно од небото го осветлила царот Навуходоносор извесно време влијаела на него со страв Божји. Меѓутоа, по неколку години просперитет, неговото срце се исполнило со гордост и тој го заборавил своето признавање на живиот Бог. Ја обновил својата идолска служба со уште поголема ревност и фанатизам. {ПЖ 36.3}

Од богатството стекнато во војните, царот направил еден златен лик што требало да го претставува оној истиот што го видел во својот сон и го поставил во полето. Дури им заповедал на сите управители и на народот да му се поклонат, под закана со смртна казна. Оваа статуа била висока околу 27, а широка околу 2,7 метри и, во очите на идолопоклоничкиот народ, претставувала импозантна и величествена појава. Била издадена прокламација што ги повикувала сите службеници на царството да се соберат на посветувањето на овој кип и, на звукот на музичките инструменти, да паднат и да му се поклонат на златниот лик. Доколку некој не го стори тоа, веднаш ќе бил фрлен во вжештена огнена печка. {ПЖ 36.4}

Кога дошол определениот ден и се собрала маса народ, дошол збор до царот дека тројцата Евреи кои царот ги беше поставил над провинцијата Вавилон одбиваат да му се поклонат на златниот лик. Тоа биле тројцата другари на Даниел кои од царот беа наречени: Седрах, Мисах и Авденаго. Исполнет со гнев, царот ги повикал покажувајќи им ја вжештената печка, им укажал на тоа каква казна ги очекува доколку одбијат да се приклонат кон неговата волја. {ПЖ 37.1}

Залудни биле заканувањата на царот. Тој не можел да ги одврати овие благородни момчиња од нивната верност кон Големиот Владетел на целиот свет. Тие научиле од историјата на своите татковци дека непослушноста кон Бога е знак на непочитување и дека носи несреќа и пропаст, а дека стравот Господов не само што е почеток на мудроста, туку е и основа на секој вистински напредок. Тие бестрашно ја гледале вжештената печка и незнабожечката толпа. Се надевале на Бога дека и овој пат нема да ги заборави. Нивниот одговор до царот бил учтив, но одлучен: „Извесно нека ти е, царе, дека нема да им служиме на твоите богови и на златниот идол што си го поставил нема да му се поклониме“ (Даниел 3:18). {ПЖ 37.2}

Гордиот монарх бил опкружен со своите големци — војсководците и царските управители — и со армијата што победила многу народи; сите тие се здружиле во ракоплескањето на царот, како на оној што има мудрост и моќ на боговите. Во средината на ова импозантно мноштво стоеле три еврејски момчиња, цврсто одлучни во својот отпор да ѝ се спротивстават на царската заповед. Тие им се покорувале на вавилонските закони сè дотогаш додека тие не дошле во спротивност со Божјите барања; но не отстапиле ни за влакно од својата должност да Му се покоруваат на својот Создател. {ПЖ 37.3}

Царевиот гнев немал граници. Бидејќи се наоѓал на врвот на својата власт и слава, тој не можел да го поднесе спротивставувањето од претставници на една презрена и поробена раса и го сметал тоа за најголема навреда. Вжештената печка била загреана седум пати повеќе од вообичаеното, и во неа биле фрлени еврејските заробеници. Пламенот бил толку страшен, што луѓето кои учествувале во фрлањето биле веднаш зафатени од пламенот и уништени. {ПЖ 38.1}

Во присуство на Бесконечниот

Одненадеж, царевото лице пребледело од ужас. Неговите очи биле вперени во вжештената печка и во сјајниот пламен, и, вртејќи се кон своите поглавари, извикнал: „Нели трите души врзани ги фрливме во огнот?“ Одговорот гласел: „Да, царе!“ Тогаш царот повторно, очајнички, извикнал: „Еве, јас гледам четири души како одат неврзани среде огнот и ништо не им се случува; и подобието на четвртиот е слично на Синот Божји“ (Даниел 3:25). {ПЖ 38.2}

Кога Христос им се открива на синовите човечки, една невидлива сила им зборува на нивните души. Тогаш тие чувствуваат дека се во присутност на Семоќниот. Пред

Неговото величество трепереле и царот и благородниците, признавајќи дека живиот Бог е над секоја земска сила. {ПЖ 38.3}

Со чувство на грижа на совест и срам, царот извикал: „Слуги на Севишниот Бог, излезете и дојдете!“ (стих 26). И тие послушно излегле, покажувајќи се неповредени пред целата толпа; дури ни мирис од чад и оган не се нафатил на нивната облека. Ова чудо предизвикало невообичаена промена во срцата на царот и на народот. Големиот златен лик, подигнат со толкава парада, бил сосема напуштен и заборавен. Царот објавил декрет со кој, ако некој прозбори нешто против Богот на овие тројца Евреи, ќе биде погубен, „затоа што нема друг Бог кој може така да избавува". {ПЖ 39.1}

Цврста чесност и посветен живот

Овие тројца Евреи поседувале вистинско посветување. Вистинските христијански начела не прашуваат за последиците. Верникот не прашува: „Што ќе мислат луѓето за мене ако го направам тоа и тоа?“ или: „Какви ќе бидат последиците за мојот земски напредок ако го сторам тоа?“ Децата Божји, со напрегнато внимание, треба да копнеат да дознаат што бара Бог од нив да сторат, за да можат да Го прослават. Господ дал широки можности срцата и животот на сите Негови следбеници да бидат управувани од божествената милост, за тие да можат да бидат блескава светлина во овој свет. {ПЖ 39.2}

Овие верни еврејски момчиња поседувале големи природни способности; се радувале на висока интелектуална култура и сега заземале почесна положба во царството, но сето тоа не ги навело да Го забораваат Бога. Нивните сили биле подложни на посветувачкиот наплив на божествената милост. Со својата цврста чесност Го прославиле Оној Кој ги повикал од темнината кон Својата чудесна светлина. Во нивното чудесно избавување пред целото огромно мноштво била покажана силата на Божјото величество. Самиот Исус лично бил со нив во вжештената печка и, со славата на Својата присутност, го убедил вавилонскиот цар дека тоа не може да биде никој друг освен Синот Божји. Небесната светлина заблескала преку Даниел и неговите другари и ги осветлила сите присутни, кои ја сфатиле вистинската вера што ги облагородила нивните животи и ги разубавила нивните карактери. Преку избавувањето на Своите верни слуги, Господ објавил дека секогаш ќе биде со оние што се тероризирани и дека ќе ги соборува сите земски сили што го газат авторитетот на небесниот Бог. {ПЖ 39.3}

Поука за страшливците

Каква поука е дадена тука за кукавиците, колебливите и плашливите во Божјото дело! Какво охрабрување за оние што нема да се одвратат од должноста среде закани

и опасности! Овие верни, цврсти карактери со својот пример го објаснуваат посветувањето, без воопшто да мислат на високи почести. Многу добри дела што, можеби, ги направиле посветените христијани, а останале тајни и непознати, не можат доволно да се оценат сè додека тие дела не станат познати и јавни — кога судот ќе седне и книгите ќе се отворат. {ПЖ 40.1}

Христос го изедначува Својот интерес со оваа класа луѓе; Тој не се срами да ги нарече браќа. Треба да ги има стотина таму каде што меѓу нас има само еден — луѓе тесно соединети со Бога, чии животи се така усогласени со Неговата волја, што можат да бидат запалени светла, посветени во целост — во душата, телото и духот. {ПЖ 40.2}

Сè уште се води борба меѓу синовите на светлината и синовите на мракот. Оние што го споменуваат Христовото име треба да се разбудат од летаргичниот сон (смртоносна болест на спиење) кој ја исцрпува нивната енергија и веднаш да ги прифатат сите одговорности што им се доверени. Сите што ќе постапат така можат да ја очекуваат Божјата сила, која ќе се открие во нив. Божјиот Син, Спасителот на светот, ќе се открие во нивните зборови и дела, и Божјото име ќе се прослави преку нив. {ПЖ 41.1}

Како во деновите на Седрах, Мисах и Авденаго, така и во завршниот период од земската историја Господ ќе дејствува силно во корист на оние што цврсто ќе стојат на страната на правдата. Оној Кој чекорел со еврејските момчиња во вжештената печка ќе биде и со Своите следбеници, каде и да се наоѓаат. Неговата постојана присутност ќе им биде утеха и потпора. Среде времето на неволји — неволји какви што немало откако постои народ — Неговите избраници ќе стојат непоколебливо. Сатаната со своите војски на злото нема да може да го уништи ниту најслабиот од Божјите светии. Преку ангелите, ненадминливи во сила да ги заштитат верните, во нивна одбрана Јехова ќе се открие како „Бог над боговите“ (Псалм 50:1), Кој е во состојба да го спаси и последниот од оние што се надеваат на Него. (Пророци и цареви, стр. 513). {ПЖ 41.2}

Поглавје 5

Даниел во лавовската јама

Кога Дариј го зазел престолот на Вавилон, тој веднаш презел мерки да ја реорганизира власта. „Поставил над царството сто и дваесет управители... а над нив

тројца кнезови, од кои првиот беше Даниел“ (Даниел 6:1,2). А „Даниел ги надминуваше другите кнезови и управители, бидејќи во него имаше сјаен и извонреден дух; и царот науми да го постави над сето свое царство“ (стих 3). Почестите укажани на Даниел предизвикале завист кај водечките луѓе во царството, па кнезовите и управителите се стремеле да пронајдат згодна прилика за обвинение против него. „Но никако не можеа да најдат повод, ниту пак грешка, бидејќи тој беше верен и немаше никаква погрешка ниту пак вина во него" (стих 4). {ПЖ 42.1}

Каква поука се изнесува тука за сите христијани! Острите очи на зависта биле вперени во него од ден на ден; нивната будност била изострена од омразата; но сепак ниту еден збор ниту постапка во неговиот живот не оддавале ни трошка зло — напротив, тој живеел живот на потполна верност и посветување. {ПЖ 42.2}

Колку побеспрекорно живеел Даниел, толку повеќе растела омразата на овие луѓе кон него. Тие биле исполнети со бес затоа што не можеле да пронајдат ништо во неговиот морален карактер за што би можеле да го обвинат. „Но тие луѓе рекоа: ‘Нема да најдеме причина против Даниел, ако не најдеме против него нешто во Законот на неговиот Бог’“ (стих 5). Даниел трипати на ден Му се молел на небесниот Бог — тоа било единственото обвинение што можеле да го изнесат против него. {ПЖ 43.1}

Тогаш бил смислен лукав план како да го упропастат. Неговите непријатели се собрале во дворецот, молејќи го царот да издаде наредба, односно декрет, со кој ниту една личност во целото царство да не смее да се моли на ниту еден бог или човек, освен на царот Дариј, во рок од триесет дена, и дека секое прекршување на овој декрет треба да се казни со фрлање на престапникот во лавовска јама. Царот немал поим за омразата на овие луѓе кон Даниел и не се сомневал дека оваа заповед на кој било начин ќе влијае врз него. Со својата снисходливост тие го навеле царот да поверува дека тоа ќе му служи на чест, па тој го потпишал декретот. Со сатанска насмевка на лицето, тие заминале од кај царот, радувајќи се на стапицата што ја поставиле пред Божјиот слуга. {ПЖ 43.2}

Пример на смелост и верност

Царскиот декрет бил објавен. Даниел бил запознаен со намерата на неговите непријатели да го уништат. Меѓутоа, тој не го изменил ни најмалку своето однесување. Смирено ги извршувал своите вообичаени државни должности, а во определениот час одел во своето скришно место за молитва, чии прозорци биле отворени и свртени кон Ерусалим, каде што ги принесувал своите молитви кон небесниот Бог. Со својот начин на постапување тој без страв покажувал дека никаква земска сила нема право да се поставува меѓу него и неговиот Бог, кажувајќи му на кого треба или на кого не треба да се моли. Каков благороден човек со принципи! Тој и денес стои како пример

достоен за пофалба на христијанско херојство и верност. Тој Му се обратил на Бога со целото свое срце, иако знаел дека казната за неговата верност ќе биде смрт. {ПЖ 43.3}

Неговите противници цел ден го набљудувале. Трипати Даниел заминувал во својата соба за молитва и трипати се слушал неговиот глас. Следното утро било поднесено обвинение кај царот дека Даниел — еден од робовите на Јуда — ја престапува царската заповед. Кога монархот ги слушнал тие зборови, неговите очи веднаш се отвориле да ја увиди стапицата што била поставена за Даниел. Царот бил ожалостен и незадоволен од самиот себе, затоа што го издал тој декрет, и се трудел сè до заоѓањето на сонцето да смисли план со кој би можел да го ослободи Даниел. Меѓутоа, непријателите на пророкот побрзале и излегле пред царот со следните зборови: „Царе, знај дека според законот на Мидјаните и Персијците ниедно решение или заповед, потврдено од царот, не може да се измени!" {Даниел 6:15). {ПЖ 44.1}

„Тогаш царот заповеда, и го доведоа Даниел, па го фрлија во лавовска јама; тогаш царот му рече на Даниел: „Твојот Бог, Кому без престан Му служиш, Он нека те избави!" (стих 16). Па донесоа камен, го ставија врз отворот на јамата, и царот го запечати со својот прстен и со прстените на своите великодостојници, за да не се измени нешто во врска со Даниел. „Потоа царот си отиде во својот двор, и ја помина ноќта без храна не дозволувајќи да му донесат храна, и не можеше да заспие" (стих 18). {ПЖ 44.2}

„Мојот Бог го испрати Својот ангел"

Рано изутрината монархот побрзал до лавовската јама, довикувајќи: „Даниел, слуго на живиот Бог! Твојот Бог, Кому без престан Му служиш, можеше ли да те избави од лавовите?" (стих 20). Гласот на пророкот се слушнал со одговорот: „Царе, жив да си довека! Мојот Бог го испрати Својот ангел и им ја затвори устата на лавовите, така што тие не ме повредија, оти јас се најдов чист пред Него, па и пред тебе, царе, не сум извршил никакво зло" (стих 22). {ПЖ 45.1}

Тогаш царот многу се зарадувал за Даниел и заповедал да го извадат од јамата; го извадија Даниел од јамата, и никаква повреда не се забележувала на него, оти тој верувал во својот Бог (стих 23). Така слугата Господов бил избавен. А стапицата што непријателите на Даниел ја поставиле за негово уништување послужила за нивна сопствена пропаст: по царска заповед тие биле фрлени во јамата и веднаш биле проголтани од дивите ѕверови. {ПЖ 45.2}

Поглавје 6

Молитвите на Даниел

Кога се приближувало времето на истекот на седумдесетте години од израелското ропство, духот на Даниел сè повеќе се занимавал со пророштвата на Еремија. Тој увидел дека се приближува времето кога Господ повторно ќе го стави Својот народ на проба; затоа Даниел, со пост и понизност, Му се молел на небесниот Бог за својот народ со следните зборови: „Те молам, Господи, Боже Велики и чудесен, Кој пазиш на заветот и имаш милост за оние што Те сакаат и што ги пазат Твоите заповеди! Згрешивме, вршевме беззаконија, дејствувавме нечесно, се противевме и отстапивме од Твоите заповеди и од Твоите наредби и не ги слушавме Твоите слуги, пророците, кои им зборуваа од Твое име на царевите наши и на достоинствениците наши, на татковците наши и на сиот народ од земјата“ (Даниел 9:4–6). {ПЖ 46.1}

Даниел не ја објавувал својата сопствена верност кон Бога. Наместо да тврди дека е чист и свет, овој ценет пророк понизно се изедначувал со навистина грешниот Израел. Мудроста што Бог му ја дал била далеку поголема од мудроста на големите луѓе од овој свет, како што сончевата светлина е посјајна од светлината на бледите ѕвезди. Уште повеќе, зборовите од молитвата на овој човек биле високо ценети на небото. Со длабока понизност, со солзи и со расцепено срце, тој се молел за себе и за својот народ. Ја отворал својата душа пред Бога, исповедајќи ја својата сопствена недостојност и признавајќи го величеството Господово. {ПЖ 46.2}

Искреност и жалост

Каква искреност и жалост ги карактеризираат неговите молби! Раката на верата е испружена кон небото за да го прифати непрестајното ветување на Севишниот. Неговата душа се борела во агонија, и тој има докази дека неговата молба е услишена. Тој знае дека победата сега е негова. Доколку ние, како народ, би се молеле како што се молел Даниел, кога би се бореле онака како што тој се борел во агонија, и кога би ги понизиле своите души пред Бога, и ние би биле услишени исто како и Даниел. Да чуеме како тој го изложува својот случај во небесниот двор: {ПЖ 47.1}

„Приклони го, Боже мој, увото Свое и послушај, отвори ги очите Свои и погледај ги нашите пустоши и градот, во кој се призива името Твое; зашто ние ги принесуваме молењата свои пред Тебе, надевајќи се не на нашата праведност, туку на Твојата голема милосрдност. Чуј Господи, Господи прости ни, Господи погледај и изврши, не

колебај се поради Самиот Тебе, Боже мој, зашто името Твое се призива во Твојот град и во Твојот народ" (Даниел 9:18-19). {ПЖ 47.2}

Човекот Божји се моли за небесни благослови за својот народ и за појасно познавање на божествената волја. Бремето на неговото срце било за Израелот, кој, во најстрога смисла, не го држел Божјиот закон. Тој признал дека сите нивни несреќи дошле како последица од престапувањето на светиот закон. Тој вели: „Згрешивме, постапивме нечесно... зашто поради гревовите наши и поради беззаконијата на татковците наши Ерусалим и народот Твој е за потсмев кај сите што нè опкружуваат“ (стих 15,16). Евреите го загубиле својот посебен, свет карактер како избран Божји народ. „А сега чуј ја, Боже наш, молитвата на Твојот слуга и неговото усрдно молење, па заради Тебе, Господи, погледај со светлото Твое лице на опустошеното Твое светилиште“ (стих 17). Лицето на Даниел се свртело со силен копнеж кон опустошеното Господово светилиште. Тој знаел дека нивната благосостојба може да се обнови единствено ако Израел се одврати од престапувањето на Божјиот закон и стане понизен, верен и покорен народ. {ПЖ 47.3}

Небесен гласник

Штом молитвата на Даниел била изговорена, ангелот Гаврил итно долетал од небесниот двор за да му соопшти дека неговите молитви се услишени и дека добиле одговор. На овој моќен ангел му било наложено на Даниел да му ги открие тајните на идните столетија. Така, додека сериозно сакал да ја дознае и да ја разбере вистината, Даниел бил доведен во врска со небесниот делегат и весник. {ПЖ 48.1}

Во одговор на својата молитва, Даниел ја добил не само светлината и вистината што му биле потребни нему и на неговиот народ, туку и видение за големите збиднувања во иднината — сè до доаѓањето на Спасителот на светот. Оние што тврдат дека се посветени, а сепак не сакаат да го истражуваат Писмото ниту да се борат со Бога во молитва за појасно разбирање на библиските вистини, не знаат ниту што е тоа вистинско посветување. {ПЖ 48.2}

Даниел зборувал со Бога; небото било отворено пред него. Но најголемото почитување што му било укажано било резултат на неговата понизност и сериозна молитва. Сите што со цело срце веруваат во Божјата Реч ќе бидат гладни и жедни за познавање на Неговата волја. Бог е Автор на вистината: Тој го расветлува помрачениот разум и му дава на човечкиот дух сила да ја сфати и да ја разбере вистината што Тој ја открил. {ПЖ 49.1}

Да се бара мудрост од Бога

Во таа прилика ангелот Гаврил му ги дал на Даниел сите упатства што тој бил кадар да ги прими. Неколку години подоцна, пророкот сакал да дознае и да добие уште повеќе за прашањата што го засегале, па Го молел Бога за поголема мудрост и просветлување: „Во тие денови, јас, Даниел жалев три седмици: вкусен леб не јадев; месо и вино не влезе во устата моја, и масла не употребив за сето тоа време... ги кренав очите угоре и видов: ете еден човек, облечен во ленена облека, а крстот му беше препашан со злато од Уфаз. Телото негово изгледаше како топаз, лицето како светкавица, очите му беа како запалени светла, рацете негови и нозете негови изгледаа како сјаен бакар и гласот на зборовите Негови како глас на многу луѓе" (Даниел 10:2-6). {ПЖ 49.2}

Овој опис е сличен на оној што е даден кај Јован, кога Христос му се откри на островот Патмос. Ништо помала личност од Синот Божји му се јавила и на Даниел. Нашиот Господ дошол со друг небесен весник за да го поучи Даниел што ќе се случи во последните денови. {ПЖ 49.3}

Големите вистини откриени од Избавителот на светот се за оние што ја бараат вистината како скриено богатство. Даниел тогаш веќе бил стар човек. Неговиот живот бил исполнет со случувањата на незнабожечкиот дворец; неговиот ум се занимавал со државните работи на големата империја. Но сепак се одвратил од сето тоа за да ја помачи својата душа пред Бога, барајќи го познавањето на намерата на Севишниот. И како одговор на неговата молитва, му било дадено видение од небесниот двор за оние што ќе живеат во последните денови. Со каква срдечност би требало и ние да бараме од Бога да ни го отвори разумот, за да ги сфатиме и разбереме вистините што ни се дадени од небото. {ПЖ 50.1}

„И јас Даниел лично, го видов тоа видение, а луѓето што беа со мене не го видоа тоа видение; но голем страв ги обзеде, и тие избегаа за да се сокријат. Останав сам и го гледав тоа големо видение, но во мене не остана сила и видот на лицето мое се измени многу, не остана во мене бодрост" (Даниел 10:7-8). Сите што навистина се посветени ќе имаат слични искуства. Колку појасно им е видението за големината, славата и совршенството Христово, толку подобро ќе ги видат своите сопствени слабости и несовршености. Тие нема да бидат наклонети да тврдат дека имаат безгрешен карактер, дека самите се добри и праведни — спротивно на Христовата чистота и слава — туку ќе знаат само дека се грешни и недостојни. Кога луѓето се одвоени од Бога и кога имаат нејасен и замаглен поглед за Христа, тогаш велат: „Јас сум без грев; јас сум свет!" {ПЖ 50.1}

Гаврил сега се појавил пред пророкот и му се обратил: „Даниел, сакан човеку! Задлабочи се во зборовите што ќе ти ги кажам, и исправи се на нозете свои, зашто при тебе сум денеска пратен. Штом ми ги кажа тие зборови, јас станав растреперен. Но тој ми рече: Не плаши се Даниел! Од првиот ден кога го насочи срцето свое да постигнеш разбирање и да се смириш пред твојот Бог, зборовите твои беа применети, и јас сакав да дојдам според зборовите твои" (Даниел 10:11-12). {ПЖ 51.1}

Царски почести за Даниел

Колку голема чест му била укажана на Даниел од страна на Величеството на небото! Тој го тешел својот растреперен слуга, уверувајќи го дека неговите молитви се услишени на небото. Како одговор на молитвите бил испратен ангелот Гаврил да го поттикне срцето на персискиот цар. Големиот монарх се спротивставувал на влијанието на Светиот Дух цели три седмици, додека Даниел постел и Му се молел на Бога. Потоа бил испратен на помош небесниот Кнез — Архангел Михаил — за да го преобрати срцето на тврдокорниот цар и да може тој да преземе решавачки мерки во прилог на молитвата на Даниел. {ПЖ 51.2}

„Додека ми зборуваше такви зборови, паднав ничкум на земјата и онемев. Но ете еден, сличен на синот човечки се допре до усните мои... И ми рече: Не бој се, сакан човеку! мир да имаш, охрабри се, охрабри се! И кога зборуваше тој со мене, јас се закрепив и реков: Зборувај Господи мој, зашто ти ме поткрепи. (Даниел 10:15- 19). На Даниел му била откриена големата Божја слава така што тој не можел да го поднесе нејзиниот сјај. Тогаш небесниот Весник ја засенил светлината на Своето присуство и му се покажал на Даниел во облик на син човечки. Со Својата божествена сила му дал сила и го охрабрил овој благороден и верен човек, за да може да ја сослуша веста што му била испратена од Бога. {ПЖ 51.3}

Даниел бил посветен слуга на Севишниот. Неговиот долготраен живот бил исполнет со благородни дела и служба за својот Господ и Учител. Чистотата на неговиот карактер и непоколебливата верност биле постигнати единствено преку неговата понизност на срцето и скрушеноста пред Бога. Повторуваме: животот на Даниел е вдахновена слика на вистинско посветување. {ПЖ 52.1}

Поглавје 7

Карактерот на апостолот Јован

Апостолот Јован се разликувал од своите браќа по тоа што бил „ученикот кого Исус го љубеше“ (Јован 13:23). Иако во најмала мера не бил кукавичка, слабак или колеблив, тој поседувал пријатен и љубезен дух и топло, чувствително срце. Судејќи по сè, тој многу се радувал на Христовата наклоност, а Спасителот навистина го

опкружувал со знаци на доверба и љубов. Тој бил еден од тројцата на кои им било дозволено да бидат сведоци на Христовата слава на гората на Преображението, но и на Неговите агонии во Гетсиманија; и нему нашиот Спасител му ја доверил Својата мајка во мачните часови на крстот. {ПЖ 53.1}

Наклоноста на Спасителот кон љубениот ученик била возвратена со сета сила на огнена верност. Јован се прилепил за Исуса како што лозата се прилепува околу држечкиот столб. Заради својот Учител тој храбро се изложувал на опасност да биде осуден и останал под крстот; а на веста дека Исус воскреснал, тој трчал кон гробот и, во својата огнена ревност, го оставил зад себе дури и огнениот Петар. {ПЖ 53.2}

Љубовта на Јован кон неговиот Учител не била како обично човечко пријателство, туку љубов на покаен грешник кој се чувствувал избавен со скапоцената Христова крв. Тој работата и страдањето во службата на својот Господ ги сметал за најголема чест. Неговата љубов кон Исус го наведувала да ги сака сите за кои Христос умрел. Неговата религија била практична: тој искрено сметал дека љубовта кон Бога мора да се манифестира во љубовта кон Божјите деца. Често можело да се чуе како вели: „Возљубени, кога така нè засака Бог, така и ние сме должни да се сакаме еден со друг“ (1 Јованово 4:11). „Ние Го сакаме, бидејќи порано Тој нè засака. Ако некој рече: ‘Го сакам Бога’, а го мрази својот брат, лажец е; оти кој не го сака својот брат, кого го видел, како може да Го сака Бога, Кого не Го видел?“ (стих 19,20). Животот на апостолот бил во потполна хармонија со неговото учење: љубовта што горела во неговото срце за Христа го наведувала со најсрдечна и неуморна ревност да работи за своите ближни, особено за браќата во христијанската заедница. Тој бил силен проповедник кој зборувал со жар и длабока срдечност, а неговите очи биле проткаени со силно убедување. {ПЖ 53.3}

Ново битие преку благодатта

Верната љубов и несебичното посветување што се откриваат во животот на апостолот Јован претставуваат поука од непроценлива важност за христијанската црква. Некои велат дека Јован поседувал љубов независно од Божјата милост, но Јован по природа имал сериозни недостатоци во карактерот: бил горд и амбициозен, гневен и брз да се реваншира на навреда. {ПЖ 54.1}

Длабоката и огнена наклоност на Јован кон неговиот Учител не била причината што Исус го љубел, туку производ на таа љубов. Јован копнеел да биде сличен на Христа и, под преобразувачкото влијание на Христовата љубов, станал кроток и понизен во срцето. Тој се сокривал во Христа, бил цврсто споен со живата Лоза и така станал соучесник во божествената природа. Тоа секогаш е резултат на заедницата со Христа — тоа е вистинското посветување. {ПЖ 54.2}

Иако кај поединци можат да постојат различни недостатоци во карактерот, сепак, кога некој ќе стане вистински Христов ученик, силата на божествената милост прави

од него ново создание — Христовата љубов го преобразува и го посветува. Но ако луѓето тврдат дека се христијани, а нивната религија не ги прави подобри мажи и жени во сите односи на животот, не ги прави живи претставници на Христа во делата и карактерот, тогаш тие не Му припаѓаат на Христа. {ПЖ 55.1}

Задачи во изградувањето на карактерот

Во една прилика, Јован се впуштил во дискусија со своите браќа за тоа кој од нив би требало да биде најголем. Тие не сакале нивните зборови да допрат до ушите на Учителот. Меѓутоа, Исус ги читал нивните срца и ја искористил таа можност да им даде поука за понизност. Таа поука не важела само за онаа мала група што ги слушала Неговите зборови, туку била изговорена за доброто на сите Негови следбеници до крајот на времето: „Па, како седна, ги повика дванаесетте и им рече: „Кој сака да биде прв, нека биде последен од сите, и на сите слуга!" (Марко 9:35). {ПЖ 55.2}

Оние што го поседуваат Христовиот дух нема да имаат амбиција да заземаат положба над своите браќа. Оние што се мали во своите очи ќе станат големи во Божјите очи. „И кога зема едно дете, го постави меѓу нив, го прегрна и им рече: 'Кој прими едно такво дете во Мое име, Мене Ме прима; а кој Ме прима Мене, не Мене Ме прима, туку Оној, Кој Ме пратил'" (стих 36,37). {ПЖ 55.3}

Каква скапоцена поука за сите Христови следбеници! Оние што ги заобиколуваат животните должности и ги газат под нозе, што ги запоставуваат милоста и добрината, учтивоста и љубовта — дури и кон едно мало дете — го запоставуваат Христа. Јован ја почувствувал силата на овие зборови и ги искористил. {ПЖ 56.1}

Во една друга прилика, неговиот брат Јаков и тој виделе еден човек како изгонува демони во Исусово име, и бидејќи тој не бил непосредно поврзан со нивната заедница, тие заклучиле дека нема право да го прави тоа и му забраниле. Во наивноста на своето срце, Јован му го изнел тој случај на Учителот. Исус рекол: „Не бранете му, зашто никој што прави чудо во Мое име не ќе може наскоро да говори зло за Мене. Зашто кој не е против вас, тој е со вас" (стих 39,40). {ПЖ 56.2}

Повторно, Јаков и Јован, преку посредство на својата мајка, му поднеле на Христа молба, барајќи да им се дозволи да заземат најголеми почести и положба во Христовото царство. Спасителот им одговорил: „Не знаете што барате!" (Марко 10:38). Колку малку од нас го разбираат вистинското значење на своите молитви. Исус ја знаел бескрајната жртва со која таа слава ќе мора да се плати, кога „наместо предодредената слава, поднел крст, не грижејќи се за срамот" (Евреите 12:2). {ПЖ 56.3}

Таа славна радост ќе се состои во тоа кога Исус ќе ги види душите спасени со Неговото понижување, агонија и прелевањето на својата крв. Тоа била славата која Исус]а добил, и во која овие двајца ученици силно посакале да имаат удел. Исус ги

запрашал: „Можете ли да ја испиете чашата што ја пијам Јас и да се крстите со крштевањето, со кое се крштевам јас? А тие одговорија: Можеме!" (Марко 10:38,39). {ПЖ 57.1}

Колку малку сфаќале тие што значи тоа крштевање! „Исус им рече: 'Чашата што ја пијам Јас ќе ја пиете и вие, и со крштевањето со кое се крштевам Јас ќе се крстите; но да дозволам да се седи од Мојата десна или од Мојата лева страна — не зависи од Мене; тоа е за оние за кои е подготвено'" (стих 38,39). {ПЖ 57.2}

Гордоста и амбицијата укорени

Исус ги разбрал мотивите што го поттикнале ова барање и затоа ја укорил гордоста и амбицијата на овие двајца ученици: „Знаете дека оние што се сметаат кнезови народни господарат над нив, и управниците управуваат над нив. Но меѓу вас нека не биде така; а кој сака меѓу вас да биде поголем, нека ви биде слуга, и кој сака меѓу вас да биде прв, нека ви биде роб на сите. Зашто и Синот Човечки не дојде за да Му служат, туку да послужи и да ја даде душата Своја за откуп на мнозина" (стих 42–45). {ПЖ 57.3}

Во една прилика Исус пратил гласници пред себе во едно самарјанско село, молејќи ги луѓето да приготват преноќиште за Него и Неговите, но кога Спасителот се приближувал кон селото, им изгледало дека Тој ќе продолжи по патот кон Ерусалим. Затоа се разгорела омраза и непријателство кај Самарјаните и, наместо да Го примат на преноќиште, Му ја ускратиле почитта што им ја укажувале и на обичните патници. Исус никогаш не го наметнувал Своето присуство, а Самарјаните го загубиле благословот што можеле да го примат ако Го замолеле да остане кај нив. {ПЖ 57.4}

Можеме да се чудиме на оваа неучтива постапка кон Величеството на небото, но колку често и ние, кои признаваме дека сме Христови следбеници, го правиме истиот грев на немарност. Дали Го повикуваме Христа да живее во нашите срца и домови? Тој е полн со љубов, милост и благослов и секогаш е подготвен да ги излее тие дарови врз нас, но, слично на Самарјаните, и ние често се задоволуваме и без нив. {ПЖ 58.1}

Учениците знаеле дека Христовата намера била со Своето присуство да ги благослови Самарјаните; но кога ја виделе ладнокрвноста, злобата и непочитувањето кон нивниот Учител, се исполниле со запрепастување и гнев, а Јаков и Јован биле особено разгневени. Да биде така лошо пречекан Оној Кого тие особено Го почитувале им изгледало како толку голем престап што тешко може да помине без казна. Во својата ревност тие рекле: „Господи, сакаш ли да кажеме да падне оган од небото и да ги истреби, како што направи и Илија?" (Лука 9:54). Тие се повикале на уништувањето на царските капетани и нивните чети, кои биле пратени од царот Охозија да го фатат пророкот Илија (2 Цареви 1:9–12). {ПЖ 58.2}

Христос ги покарал Своите ученици, говорејќи: „Не знаете од каков дух сте вие, зашто Синот Човечки дојде не да погубува човечки души, туку да спаси“ (стих 55,56). Јован и другите ученици биле во училиште во кое Исус бил Учителот. Оние што биле подготвени да ги согледаат своите грешки и што сакале да го поправат својот карактер имале доволно можности за тоа. Јован ја користел секоја можност и постојано се стремел да го доведе својот живот во согласност со божествениот Пример. Исусовите поуки, кои ја истакнувале кроткоста, понизноста и љубовта како важни доблести за растење во благодатта и за подготвеност во делото, за Јован биле од најголема вредност. Овие исти поуки ни се упатени и нам — и како поединци и како браќа во црквата — исто како што им биле упатени на првите ученици. {ПЖ 59.1}

Јован и Јуда

Можеме да извлечеме многу поучна лекција од острата спротивност меѓу карактерите на Јован и на Јуда. Јован бил жив пример на посветување. Од друга страна, Јуда имал обличје на побожност, додека неговиот карактер бил повеќе сатански отколку божествен. Тој се преправал како Христов ученик, додека со зборовите и делата се откажувал од Христа. {ПЖ 59.2}

Јуда ги имал истите скапоцени можности што ги имал и Јован — да го проучува и да го следи Примерот. Тој ги слушал Христовите поуки и неговиот карактер можел да се преобрази преку божествената милост. Но додека Јован бил строг кон своите сопствени маани, стремејќи се да се прилагоди на Христа, Јуда ја прекршувал својата совест, попуштајќи му на искушението и предавајќи им се на своите нечесни навики, кои го преобразиле во сатанско обличје. {ПЖ 59.3}

Овие двајца ученици го претставуваат христијанскиот свет. Сите признаваат дека се Христови следбеници, но додека една класа чекори во понизност и кротост, учејќи се од Христа, другата докажува дека не се творци на Речта, туку само слушатели. Едната класа се посветува преку вистината; другата не ја познава преобразувачката сила на божествената милост. Првите секојдневно умираат за себе и за своето „јас“, и ги победуваат гревовите. Другите им попуштаат на своите желби и страсти и стануваат ниски слуги на сатаната. {ПЖ 60.1}

Поглавје 8

Јовановата проповедничка служба

Апостолот Јован ја поминал својата младост во друштво на неуки галилејски рибари. Тој немал можност да посетува училиште во тоа време, но дружејќи се со Христа, Големиот Учител, го стекнал најголемото образование што еден смртен човек може да го добие. Тој жедно пиел од изворот на мудроста, а потоа се стремел и другите да ги води кон онаа „вода која тече во живот вечен“ (Јован 4:14). Едноставноста на неговите зборови, возвишената сила на вистината што ја изговарал и духовната топлина што го обележувала неговото учење му давале пристап до сите класи. Но сепак, ниту верниците не биле во состојба потполно да ги сфатат светите тајни на божествената вистина вткаена во неговите списи. Тој секогаш изгледал проткаен со Светиот Дух. Настојувал да ги разбуди мислите на луѓето, за да можат да ги разберат невидливите работи. Мудроста со која зборувал правела неговите зборови да бидат како роса што ја наводнува и ја омекнува земјата. {ПЖ 61.1}

По Христовото вознесение, Јован стоел цврсто како верен и огнен работник за својот Учител. Заедно со другите се радувал на излевањето на Духот на Педесетница и, со свежа ревност и сила, продолжил да му ги проповеда на народот зборовите на животот. Му се заканувале со затвор и смрт, но тој не се грижел за тоа. {ПЖ 61.2}

Мноштва од сите класи доаѓале да ги слушаат проповедите на апостолот Јован, и многумина се исцелувале од своите болести во Христовото име — име што било омразено меѓу Евреите. Свештениците и поглаварите биле бесни во своето спротивставување кога гледале како болните се исцелуваат и како Христовото име се возвишува како Кнез на животот. Се плашеле дека наскоро целиот народ ќе поверува во Него и дека тогаш ќе бидат осудени за убиството на Силниот Исцелител. Но колку повеќе се труделе да го запрат тоа движење, толку повеќе луѓе верувале во Него и се одвраќале од учењата на книжевниците и фарисеите. Затоа тие се исполниле со омраза, ставиле раце на Петар и Јован и ги фрлиле во општиот затвор. Но ангел Господов ноќта ја отворил затворската врата и, изведувајќи ги на слобода, им рекол: „Отидете и застанете во црквата, и кажувајте му ги на народот сите зборови за овој благодатен живот“ (Дела 5:20). {ПЖ 62.1}

Со верност и сериозност Јован го изнесувал сведоштвото за својот Господ во секоја згодна прилика. Тој видел дека времињата се исполнети со опасности за Заедницата. Сатанските измами се појавувале насекаде. Духот на народот бил заведен од делувањето на скептицизмот (сомневањата) и измамливите науки. Некои што претендирале дека се верни на Божјото дело биле измамени: се откажале од

Христа и Неговото Евангелие и паднале во проклета ерес, живеејќи во престап на божествениот закон. {ПЖ 62.2}

Омилена тема на Јован

Омилена тема на Јован била Божјата безгранична љубов. Тој верувал во Бога како што мало дете верува во својот благ и нежен татко. Тој го разбирал карактерот и делото Исусово, и кога ги видел своите еврејски браќа како застраниле по своите патеки, без ниту еден зрак од Сонцето на Правдата да им го осветлува патот, копнеел да им Го претстави Христа како Светлина на светот. {ПЖ 62.3}

Ожалостен од отровните заблуди

Јован доживеал да го види проповедањето на Христовото Евангелие и близу и далеку, и илјадници како желно го прифаќаат неговото учење. Но бил исполнет со жалост кога набљудувал како отровни заблуди се вовлекуваат во Заедницата. Некои што го примиле Христа тврделе дека Неговата љубов ги ослободува од покорување на Божјиот закон. Од друга страна, пак, многумина учеле дека треба да се држи само словото на законот — односно сите еврејски обичаи и церемонии — и дека тоа е доволно за спасение и без Христовата крв. Тие сметале дека Христос бил добар човек, како и апостолите, но го одрекувале Неговото божество. Јован ги видел опасностите на кои заедницата би била изложена ако ги прифати тие идеи и ги побивал со брзина и решителност. Тој ѝ пишувал на една избрана госпоѓа — чесна помошничка во делото на Евангелието, која уживала добар углед и големо влијание меѓу верниците — со следните зборови: {ПЖ 63.2}

„Бидејќи во светот влегоа мнозина измамници, кои не исповедаат дека Исус Христос дошол во плот, таков човек е измамник, антихрист. Пазете се да не го изгубите она, за кое сте се труделе, туку да добиете полна награда. Секој, кој прави престапи и не пребива во Христовото учење и не е во Него, Го нема Бога; кој пребива во Христовото учење, Тој Го има и Отецот и Синот. Кој доаѓа при вас и не го носи тоа учење, него не го примајте во вашиот дом и не поздравувајте го; зошто кој го поздравува учествува во неговите лоши дела" (2. Јованово 7-11). {ПЖ 64.1}

Јован не ја извршувал својата работа без големи пречки. Сатаната не бил мрзлив: ги поттикнувал лошите луѓе да му го скратат корисниот живот на овој Божји човек, но светите ангели го штителе од нивните напади. Јован и понатаму требало да живее како верен Христов сведок. На Заедницата, во тоа време на опасност, ѝ било потребно неговото сведоштво. {ПЖ 64.2}

Преку погрешно претставување и невистини, емисарите на сатаната настојувале да кренат опозиција против Јован и против Христовата наука. Како последица на неслогата и ересите, црквата била доведена во опасност. Јован непоколебливо ги побивал тие заблуди; им го преградувал патот на противниците на вистината. Тој пишувал и предупредувал дека водачите на тие ереси не треба да се поддржуваат. И денес постојат опасности слични на оние што го загрозувале напредокот на првата Заедница, па поуката на апостолите во однос на овие точки треба внимателно да се земе предвид. „Мора да имаш милост“ — тоа е крик што се слуша насекаде, особено од оние што се фалат со својата светост. Но милоста и љубовта се толку чисти што не можат да го покријат непризнатиот грев. Јовановото учење е важно за оние што живеат среде опасностите на последните денови. Тој интимно се дружел со Христа, ги слушал Неговите зборови и бил сведок на Неговите силни чуда. Тој убедливо го изнесувал сведоштвото, така што лагата на непријателот останувала без успех. {ПЖ 64.3}

Нема компромис со гревот

Јован се радувал на благословот од вистинското посветување, но апостолот не тврдел дека е без грев; тој се стремел кон совршенство, чекорејќи во светлината на Божјото лице. Тој сведочи дека човекот што тврди дека Го познава Бога, а сепак го крши божествениот закон, има лажно признание: „Кој вели: ‘Го познав’, а заповедите Негови не ги пази, лажец е и вистината не е во него“ (1 Јованово 2:4). Во овој век на фалена слобода овие зборови ќе бидат жигосани како верски фанатизам. Но апостолот учи дека, додека покажуваме христијанска учтивост, ние сме овластени да го наречеме гревот и грешниците со нивното вистинско име — во тоа се состои вистинската милост. Додека ги љубиме душите за кои Исус умрел и работиме за нивното спасение, не треба да правиме компромис со гревот. Не смееме да се соединуваме со бунтовниците и тоа да го нарекуваме милост или добрина. Бог бара од Својот народ во овој век да стои како што Јован стоел во своето време — непоколебливо за правдата, спротивставувајќи се на заблудите што се погубни за душата. {ПЖ 65.1}

Нема посветување без послушност

Сум сретнала многу луѓе што тврделе дека се без грев, но кога биле проверени со Божјата Реч, се покажало дека се во отворен престап на светиот Божји закон. Најјасните докази за вечната важност на четвртата заповед не можеле да им ја разбудат совеста. Тие не можат да се откажат од Божјите барања, но се осмелуваат да се оправдуваат за престапувањето на саботата. Тврдат дека се свети и дека Му служат на Бога секој ден од седмицата. „Многу добри луѓе“, велат тие, „не ја

празнувале саботата; ако овие луѓе биле свети, нема да бидат осудени поради тоа што не ја држеле саботата“. Бог, според нив, бил толку милостив што не ги казнил затоа што не го држеле седмиот ден. Тие додаваат дека би биле сметани за необични во општеството ако го празнувале седмиот ден — саботата — и дека не би имале влијание во светот. Покрај тоа, велат, мораат да им се покоруваат на властите што постојат. {ПЖ 66.1}

Една госпоѓа во Њу Хемпшир (САД) го изнела своето сведоштво на јавен собир дека Божјата милост владее во нејзиното срце и дека таа е целосно Господова. Потоа го искажала своето верување дека овие луѓе прават многу добро, разбудувајќи ги грешниците да ја увидат својата опасност. Таа изјавила: „Саботата што овие луѓе нам ни ја изнесуваат е единствената сабота од Библијата“, и потоа додала дека нејзиниот дух бил силно придвижен за овој предмет. Таа видела многу неволји пред себе што би ѝ дошле ако го празнува седмиот ден. Следниот ден се појавила на истиот собир и повторно го изнела своето сведоштво, велејќи дека Го прашала Бога дали навистина мора да се празнува саботата, и Тој ѝ рекол дека тоа не мора да го прави. Нејзиниот дух сега бил смирен во однос на овој предмет. Потоа дала најсилно предупредување сите да дојдат до совршената Христова љубов, каде што нема осудување за душата. {ПЖ 66.2}

Оваа жена не поседувала вистинско посветување. Не бил Бог Тој што ѝ рекол дека може да биде посветена иако не живее во послушност кон една од Неговите јасни заповеди. Божјиот закон е свет и никој не може неказнето да го престапува. Оној што ѝ рекол дека може да продолжи да го крши Божјиот закон и да остане безгрешна бил кнезот на силите на мракот — истиот оној што преку змијата ѝ зборувал на Ева во рајот: „Вие нема да умрете“ (Создавање 3:4). Ева си ласкала дека Бог е толку добар што нема да ја казни за непослушност кон една Негова изречена заповед. Истата изопаченост се појавува кај илјадници што се оправдуваат за својата непослушност кон четвртата заповед. Оние што го имаат Христовиот ум ќе ги држат сите Божји заповеди, без оглед на околностите. Величеството на небото вели: „Како што и Јас ги одржав заповедите на Својот Отец“ (Јован 15:10). {ПЖ 67.1}

Адам и Ева се осмелиле да ги престапат Божјите барања, а страшните последици од нивниот грев треба да ни бидат предупредување да не го следиме нивниот пример на непослушност. Христос се молел за Своите ученици со зборовите: „Освети ги со Твојата вистина: Твоето слово е вистина“ (Јован 17:17). Нема вистинско посветување освен преку послушност кон вистината. Оние што Го љубат Бога со целото срце ќе ги љубат и сите Негови заповеди. Посветеното срце е во согласност со правилата на Божјиот закон, затоа што законот е свет, праведен и добар. {ПЖ 67.2}

Бог не се променил

Божјиот карактер не се променил. Тој е истиот Бог ревнител и денес, како што бил кога го давал Својот закон на гората Синај и го пишувал со Својот сопствен прст на камените плочи. Оние што го газат Божјиот свет закон можат да речат: „Јас сум свет!“, но да се биде навистина свет и да се фали со посветувањето — тоа се две различни работи. {ПЖ 68.1}

Новиот завет не го променил Божјиот закон. Светоста на саботата од четвртата заповед е цврсто поставена како и престолот на Јехова. Јован пишува: „Секој кој прави грев, прави и беззаконие; и гревот е беззаконие. А знаете дека Он се јави, за да ги земе гревовите наши; грев во Него нема. Секој кој пребива во Него не греши; секој што греши, не Го видел ниту Го познал“ (1 Јованово 3:4–6). Ние сме овластени да ги оценуваме, како што го правел омилениот ученик, сите оние што тврдат дека се во Христа и дека се свети, додека живеат во престапување на Божјиот закон. Тој доаѓал во судир со истата таква класа луѓе со која и ние се среќаваме. Тој вели: „Чеда, никој да не ве измамува! Кој врши правда, праведен е, како што е праведен Он. Кој прави грев, од ѓаволот е, зашто ѓаволот греши од почеток“ (стих 7,8). Овде апостолот зборува со јасни зборови, како што тоа самиот предмет го налага. {ПЖ 68.2}

Посланијата на Јован се исполнети со духот на љубовта. Но кога доаѓал во контакт со класата што го кршела Божјиот закон, а сепак тврдела дека е без грев, тој не се плашел да ги предупреди заради нивната страшна измама: „А ако речеме дека со Него општиме, а одиме во темнина, тогаш лажеме и не постапуваме според вистината. А ако, пак, во светлина чекориме, како што е Он самиот светлина, тогаш значи дека ние еден со друг општиме, и крвта на Исуса Христа, Неговиот Син, нè очистува од секаков грев. Ако кажеме дека немаме грев, се лажеме сами себе, и вистината не е во нас. Ако ги исповедаме гревовите свои, Он е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда. Ако, пак, речеме дека не сме згрешиле, Него Го правиме лажец, и словото Негово не е во нас“ (1 Јованово 1:6–10). {ПЖ 68.3}

Поглавје 9

Јован во прогонство

Големиот успех што го следел проповедањето на Евангелието од страна на апостолот Јован и неговите соработници ја зголемил омразата кај Христовите непријатели. Тие се труделе на секој начин да го спречат неговото напредување и,

конечно, успеале да ја придобијат и моќта на императорот против христијаните. Настанало страшно прогонство, во кое многу Христови следбеници биле предадени на смрт. Апостолот Јован тогаш бил стар човек, но со голема ревност и успех продолжил да ја проповеда Христовата наука. Тој давал силно сведоштво што неговите непријатели не можеле да го спречат и кое многу ги храбрело неговите браќа. {ПЖ 70.1}

Кога верата на христијаните почнала да се бранува среде огненото прогонство, тие биле принудени да се состанат, а во таа прилика апостолот повторно се појавил со големо достоинство и сила, со следните убедливи зборови: „Она што беше од почетокот, она што го чувме, она што со своите очи го видовме, она што го разгледавме и што рацете наши го опипаа — за Словото на животот... она што го видовме и го чувме, за тоа ве известуваме, та и вие да имате општење со нас; а нашето општење е со Отецот и Неговиот Син, Исус Христос“ (1 Јованово 1:1–3). {ПЖ 70.2}

Најогорчена омраза била вперена против Јован поради неговата непоколеблива верност на Христовото дело. Тој бил последниот од преживеаните ученици што биле лично поврзани со Исус, и неговите непријатели решиле дека неговото сведоштво мора да се замолчи. Ако тоа успеат да го постигнат, сметале дека Христовата наука нема да може да се шири; ако постапат со строгост, таа бргу ќе исчезне од светот. Затоа Јован бил повикан во Рим да страда за својата вера. Неговата наука била изопачено претставена: лажни сведоци го обвиниле како бунтовник што јавно учи теории превратнички за римската нација. {ПЖ 70.3}

Апостолот ја претставил својата вера јасно и убедливо, со таква едноставност и слободна отвореност што неговите зборови имале силно влијание. Неговите слушатели биле збунети и изненадени од неговата мудрост и убедливост. Но поубедлива од неговото сведоштво била длабоката омраза на непријателите на вистината. Императорот бил исполнет со гнев, хулејќи на Божјото име и на Христа. Тој не можел да им се спротивстави на аргументите на апостолот, ниту да ја оспори силата што го следела проповедањето на вистината, па затоа решил да го замолчи нејзиниот верен толкувач. {ПЖ 71.1}

Божјиот сведок не е замолкнат

Тука можеме да видиме колку може да стане тврдо срцето кога му се спротивставува на Божјиот план. Непријателите на Божјата заедница биле решени да продолжат со својата злоба и насилство против верниот народ. Со наредба на римскиот император, Јован бил протеран на островот Патмос, како што самиот известува: „заради речта Божја и за сведоштвото Исусово“ (Откровение 1:9). Но Христовите непријатели потполно промашиле во намерата да го замолчат Неговиот верен сведок. Од местото на своето прогонство допирал гласот на апостолот,

стигнувајќи дури до последното време, објавувајќи ги најпотресните вистини што некогаш им биле откриени на смртниците. {ПЖ 71.2}

Патмос — гол и каменест остров во Егејското Море — бил одреден од римската власт како место за прогонство на криминалците. Но на Божјиот слуга ова мачно престојувалиште му станало небесна врата. Таму бил изолиран од градската деловна врева и од активната мисионска работа, но не бил исклучен од Божјата присутност. Во тој пуст дом можел да разговара со Царот над царевите, проучувајќи ги одблизу откровенијата на божествената сила во природата и во книгата на вдахновението. Му се пружила прекрасна можност да размислува за големото дело на создавањето и да се воодушевува од силата на божествениот Архитект. Во раните години неговите очи биле поздравувани од убавината на пошумените брегови, зелените долини и плодните рамнини, и во таа природна убавина тој го гледал знакот на мудроста и уметноста на Создателот. Но сега бил опколен со призори што на многумина би им изгледале пусти и неинтересни. Меѓутоа, за Јован било поинаку: тој можел да чита важни поуки во дивите, оголени карпи, во тајните на големите длабини и во славата на небесниот свод. Нему сето тоа му сведочело за Божјата сила и ја објавувало Неговата слава. {ПЖ 72.1}

Гласот на природата

Апостолот околу себе го гледал сведоштвото за потопот што ја преплавил целата земја, затоа што жителите го престапувале Божјиот закон. Силните карпи, исфрлени од големите длабини и од земјата среде навалата на потопните води, живо го потсетувале на стравотиите од излевањето на Божјиот гнев. {ПЖ 72.2}

Но иако одоздола го опкружувала, на прв поглед, пуста и неплодна околина, горе над него било синото небо што го покривало апостолот на осамениот остров Патмос исто како и небото над неговиот сакан Ерусалим. Нека човек некогаш, во тивка ноќ, погледне во славата на небесата и нека го разгледува делото на Божјата рака и безбројната небесна војска — па ќе ја научи лекцијата за големината на Создателот на небото и земјата, во споредба со својата сопствена ништожност. Ако некој ја сака гордоста и самоуживањето, или се восхитува на личната привлечност, ако е богат или талентиран — нека излезе во прекрасна ноќ и нека погледне во свѕездено небо; и во присутноста на бескрајниот Творец на видливата и невидливата природа, неговиот горд дух ќе се научи на понизност. {ПЖ 73.1}

Во гласот на многуте води — каде што „бездната на бездната ѝ довикува со гласот на водопадите Твои“ — пророкот го слушнал гласот на Создателот: морето, бесно камшикувано од безмилосните ветрови, му го претставувало гневот на навредениот Бог, а огромните и силни бранови, зауздани во границите што им ги одредила невидлива рака, му зборувале за бескрајната сила што ги контролира и најдлабоките бездни; спротивно од тоа, тој ја видел лудоста на слабите смртници, како црви во

правта, кои својата слава, мудрост и сила ги свртеле против Владетелот на вселената, како Бог да е еден од нив, и сфатил колку е слепа човечката лошотија, зашто еден час Божји благослов во светлината на сонцето и во дождот врз земјата повеќе го преобразува лицето на природата отколку што човекот може со сето свое горделиво знаење и напори во текот на целиот живот. {ПЖ 73.2}

Во кругот на својот островски дом, затворениот пророк го читал откровението на божествената сила и, во сите делови на природата, одржувал заедница со својот Бог; од камениот Патмос кон небото се издигнувале најогнени копнежи на душата за Бога и најтопли молитви, а кога Јован ги гледал карпите, се сеќавал на Христа — Карпата на неговата сила — под чиј штит можел да се сокрие без никаква плашливост. {ПЖ 74.1}

Чувар на саботата

„Денот Господов“ што Јован го споменува во своето Откровение бил саботата — денот во кој Јехова отпочинал по делото на создавањето и кој го благословил и го посветил, затоа што во тој ден се одморил. Саботата, како свет ден, Јован ја почитувал на островот Патмос исто како и кога бил меѓу народот, проповедајќи го Евангелието во тој ден. Меѓу голите карпи што го опкружувале, Јован се сеќавал на карпестата гора Синај и на тоа како Бог му го изговорил Својот закон на тогашниот народ, меѓу другото и зборовите: „Сеќавај се на денот саботен, за да го празнуваш“ (Излез 20:8). {ПЖ 74.2}

Синот Божји му зборувал на Мојсеј од врвот на планината, и Бог направил од камењата Своја светиња — Неговиот храм бил меѓу вечните гори. Божествениот Законодавец се спуштил на камената гора за да го изговори Својот закон пред сиот народ, за да бидат длабоко импресионирани од величеството и страшното откровение на Неговата сила и слава и да се плашат да ги престапуваат Неговите заповеди. Бог го изговорил Својот закон со грмотевици и светкање на молњи, од густ облак на врвот на планината, а Неговиот глас бил како глас на многу силна труба. Законот на Јехова е непроменлив, а плочите на кои Тој го напишал биле од тврд камен, како знак за непроменливоста на Неговите заповеди и правила. Затоа карпестата гора Синај станала свето место за сите што го љубат и го почитуваат Божјиот закон. {ПЖ 74.3}

Заедно со Бога

Додека Јован во мислите ги набљудувал настаните од Хорив, Духот на Оној што го посветил седмиот ден слегол врз него, па тој го видел Адамовиот грев во престапувањето на божествениот закон и страшните последици од тој престап; а бескрајната Божја љубов, покажана во дарувањето на Својот Син за спасение на

човечкиот род, му се чинела толку голема што не можела да се искаже со зборови, затоа во своето послание ја повикува црквата и целиот свет: „Гледајте каква љубов ни дал Отецот — да се наречеме чеда Божји, и такви да бидеме. Затоа светот не нè знае, оти не Го позна Него“ (1 Јованово 3:1); и Јован останал восхитен што Бог можел да го даде Својот Син да умре за побунетиот човек — тајна која и нему му изгледала неискажлива — додека го согледувал планот на спасението, замислен на небото по толку голема цена, а сепак отфрлен од многумина за кои била принесена таа бескрајна жртва! {ПЖ 75.1}

Јован бил во заедница со Бога. Колку повеќе учел за божествениот карактер преку делата на создавањето, толку повеќе растела неговата почит кон Бога. Тој често се прашувал зошто луѓето, кои се потполно зависни од Бога, не се стремат да бидат во мир со Него преку скапоцена послушност. Бог е бесконечен во мудроста и за Неговата сила нема граница; Тој управува со вселената и со сите нејзини безбројни светови и ги одржува во совршен ред, убавина и величина на сè што создал. Гревот е престап на законот, а платата за гревот е смрт. Не би постоела никаква несогласност ниту на небото ниту на земјата, ако гревот не се вовлекол на оваа планета. Непослушноста кон Божјиот закон ја донела оваа беда меѓу Неговите созданија. Зошто, тогаш, луѓето не сакаат да се помират со Бога? {ПЖ 75.2}

Не е мала работа да се греши против Бога, ставајќи ја изопачената човечка волја против волјата на Создателот. Дури и за луѓето од овој свет, во нивен најдобар интерес е да им се покоруваат на Божјите заповеди; а сигурно е во нивен вечен интерес да Му се покоруваат на Бога и да бидат во мир со Него. Полските sверови им се покоруваат на природните закони на Создателот според инстинктот што владее во нив. Тој му заповеда на гордиот океан: „До тука ќе дојдеш и нема да преминуваш, и тука е границата на твоите горди бранови“ (Јов 38:11), и водите се спремни да се покорат на Божјата реч. Sвездите и планетите се вртат во совршен ред, покорувајќи им се на законите што Бог ги востановил. Од сите созданија што Бог ги создал на земјата, само човекот се побунил. Уште повеќе: тој има разум за да ги разбере барањата на божествениот закон, и совест за да ја почувствува вината на престапот, како и мирот и радоста од послушноста. Бог го создал како слободно морално суштество — да Му се покорува или да не Му се покорува. Наградата на вечниот живот и вечната тежина на славата им е ветена на оние што ја исполнуваат Божјата волја, додека предупредувањето за Божјиот гнев стои над оние што му се спротивставуваат на Божјиот закон. {ПЖ 76.1}

Божјото величие

Кога Јован размислувал за Божјата слава, откриена во Неговите дела, бил обземен од големината и величеството на Создателот. И дури сите жители на овој малечок свет да одбијат да Му се покоруваат на Бога, Тој сепак не би бил лишен од Својата слава. Во еден миг би можел да ги избрише од лицето на земјата сите смртни

битија и да создаде нов народ што би го славел Неговото име. Господ не е зависен од човечка почест: Тој може да ги повика ѕвездените војски на небото и милиони оддалечени светови да пеат песна на чест, пофалба и слава на својот Создател. „Небесата ја објавуваат славата на Бога, а за делата на рацете Негови известува сводот небески; ден на денот објавува, и ноќ на ноќта знаење открива. Нема јазик, ниту пак говор, во кој не се слуша Неговиот глас. Нивниот звук се разнесува по целата земја, а нивните зборови до краиштата на вселената. На сонцето Го поставил Своето живеалиште“ (Псалм 19:1–4). „Каде беше ти кога ги поставував основите на земјата? — кажи, ако знаеш… кога ликуваа утринските ѕвезди и кога сите Божји синови извикуваа од радост“ (Јов 38:4,7). „И небото ќе ги прославува, Господи, Твоите чудесни дела и Твојата вистина во собранијата на светиите. Зашто кој на облаците ќе се споредува со Господа, и кој од синовите Божји ќе се изедначи со Господа? Во соборот на светите Бога Го прославуваат; велик е и страшен за сите оние што Го опкружуваат“ (Псалм 89:5–7). {ПЖ 76.2}

Визија за Христа

Јован се сеќавал на прекрасните и чудесни случувања на кои бил очевидец во Христовиот живот и во мислите повторно се радувал на можностите со кои некогаш бил опкружен и утешен, кога одеднаш неговото размислување било прекинато: бил повикан со јасен и определен глас; се свртел да види од каде доаѓа гласот и Го здогледал својот Господ, Кого го сакал, со Кого чекорел и зборувал и на чие страдање на крстот бил сведок, но колку изменета била Христовата појава — Тој веќе не е „Маж на болки, свикнат на страдања“ (Исаија 53:3) и не ги носи повеќе знаците на Своето понижување: очите Му биле како огнен пламен, нозете како избрусен месинг, гласот Му како глас на многу води, лицето Му светело како сонце во пладневен сјај; во раката држел седум ѕвезди што ги претставуваат проповедниците на црквите, а од устата Му излегувал меч со две острици — симбол на силата на Неговите зборови. {ПЖ 77.1}

Јован, кој толку Го љубел својот Господ и цврсто се држел за вистината, соочен со темница, мачење и закани за смрт, не можел да ја издржи возвишената Христова слава, туку паднал на земја како смртно покосен. Тогаш Исус, ставајќи ја Својата рака врз Својот понизен слуга, проговорил: „Не бој се! Јас Сум Првиот и Последниот и Живиот; и умрев, и ете — Жив Сум во сите векови“ (Откровение 1:17–18). Јован бил охрабрен да живее во присутноста на својот прославен Господ, и потоа, во света визија, му бил откриен Божјиот план за идните векови. Тој бил запознаен со славната убавина на небесниот дом: му било дозволено да погледне кон Божјиот престол и да ги види белите облеки на спасените; ја слушнал музиката на небесните ангели и триумфалните песни на оние што победиле со крвта на Јагнето и со зборот на своето сведоштво. {ПЖ 78.1}

Јовановата понизност

На љубениот ученик му било дадено такво возвишено предимство какво што ретко му било укажано на смртен човек. Меѓутоа, тој толку блиску се прилагодил на Христовиот карактер, што злото не можело да најде место во неговото срце. Неговата понизност не се состоела во празно верување, туку била благодат со која бил облечен како со природна облека. Тој секогаш се стремел да ги прикрие своите праведни дела и да избегне сè што би можело да привлече внимание кон него. Во своето Евангелие го спомнува „ученикот кого Исус го љубеше“, но го сокрива фактот дека тој ученик бил самиот тој. Во секојдневниот живот учел и практикувал милост и љубов во полна смисла. Имаше високо чувство за љубовта што треба да постои меѓу телесните браќа и меѓу браќата во верата. Тој ја нуди и ја препорачува оваа љубов како важна карактеристика на Христовите следбеници; ако таа недостасува, сите права на христијанското име се залудни. {ПЖ 78.2}

Јован бил учител на практичната побожност и предложил непогрешливо правило за христијанското однесување: верниците треба да имаат чисто срце и исправно однесување и во никој случај да не се задоволуваат со празно верување. Тој јасно објавил дека да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христа. {ПЖ 79.1}

Животот на Јован претставувал сериозен напор човекот да се прилагоди на Божјата волја. Апостолот го следел Спасителот толку блиску и имал такво чувство за чистотата и возвишеноста на Христовата светост, што сопствениот карактер му изгледал спротивен и прекумерно несовршен. Затоа, кога Исус во Своето прославено тело му се открил на Јован, еден брз поглед бил доволен тој да падне на земја како мртов. Така ќе биде секогаш со оние што најдобро Го познаваат својот Господ и Учител: колку поблиску го разгледуваат Христовиот живот и карактер, толку подлабоко го чувствуваат својот грев и толку помалку ќе бидат склонети да се фалат со „светост“ на срцето или да го истакнуваат своето наводно посветување. {ПЖ 79.2}

Поглавје 10

Карактерот на христијаните

Карактерот на христијаните се открива во нивниот секојдневен живот. Христос вели: „Секое добро дрво дава добри плодови, а лошо дрво дава лоши плодови“ (Матеј 7:17). Нашиот Спасител се споредил Себеси со лоза, а прачките со Неговите следбеници, јасно покажувајќи дека сите што сакаат да бидат Негови ученици мора да носат добри плодови, и објаснувајќи како тоа е возможно: „Бидете во Мене, и Јас ќе бидам во вас. Како што прачката не може да роди плод сама од себе, ако не е на лозата, така и вие, ако не бидете во Мене“ (Јован 15:4). {ПЖ 80.1}

Апостолот Павле ги опишува плодовите што еден христијанин треба да ги принесува: тој вели дека „плодот на Духот се состои во секое добро, правда и вистина“ (Ефесјаните 5:9), и повторно: „А плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста“ (Галатјаните 5:22–23). Овие драгоцени дарови се начела на Божјиот закон, спроведени во животот на христијанинот. {ПЖ 80.2}

Божјиот закон е единственото вистинско мерило за морално совршенство, и тој е практично прикажан во Христовиот живот, бидејќи Христос рекол: „Јас ги запазив заповедите на Мојот Отец“ (Јован 15:10); ништо помалку од таква послушност не може да ги задоволи барањата на Божјата Реч: „Кој вели дека во Него пребива, должен е да постапува така, како што постапи и Он“ (1 Јованово 2:6), па затоа не смееме да се оправдуваме дека не можеме, зашто го имаме ветувањето: „Доволна ти е Мојата благодат“ (2 Коринтјаните 12:9); кога се гледаме во божественото огледало — Божјиот закон — ја гледаме преголемата грешност на гревот и сопствената загубена состојба како престапници, но со покајание и вера се оправдуваме пред Бога и, со божествената благодат, стануваме способни да бидеме послушни на сите Негови заповеди. {ПЖ 80.3}

Љубовта кон Бога и кон човекот

Оние што искрено Го љубат Бога ќе покажуваат искрен стремеж да ја запознаат и да ја извршуваат Неговата волја, зашто, како што вели апостол Јован: „Љубовта кон Бога се состои во тоа: да ги пазиме Неговите заповеди“ (1 Јованово 5:3); како што детето што ги сака родителите ја докажува љубовта со скапоцена послушност, а себичното и неблагодарно дете сака да направи што помалку, но да ги ужива привилегиите на послушните, така и меѓу оние што исповедаат дека се Божји деца се гледа разлика: многумина што ја познаваат Неговата љубов и грижа и сакаат да ги примат Неговите благослови, нерадо ја исполнуваат Неговата волја и ги сметаат заповедите за тежок јарем, но оној што вистински се стреми кон светост на срцето и животот наоѓа радост во Божјиот закон и жали само што недоволно ги исполнува Неговите барања. {ПЖ 81.1}

Нам ни е заповедано да се љубиме еден со друг како што Исус нè љубеше и се предаде Себеси за нас, покажувајќи ја таа љубов со тоа што го положи Својот живот

за да нѐ откупи; затоа љубениот ученик вели дека и ние треба да ги полагаме своите души за нашите браќа: „Секој, кој верува дека Исус е Христос, од Бога е роден, и секој, кој Го сака Оној, Кој родил, го сака и оној кој е роден од Него“ (1 Јованово 5:1), па ако Го љубиме Христа ќе ги љубиме сите што се слични на Него во животот и карактерот, но не само нив, туку и оние што се „без надеж“ и „безбожни во светот“ (Ефесјаните 2:12), зашто за спасението на грешниците Исус го остави небесниот дом, дојде на земјата да страда и да умре, се мачеше и се молеше во агонија, додека срцето не Му се скрши, напуштен од оние што дојде да ги спаси, пролевајќи ја Својата крв на Голгота. {ПЖ 82.1}

Да се следи Примерот

Многумина се воздржуваат од таков живот каков што живеел нашиот Спасител, мислејќи дека не се бара толку голема жртва за да се следи Примерот, да се носат плодови на добри дела и стрпливо да се поднесуваат Божјите поткаструвачки ножици за да се даде повеќе плод; но ако христијанинот се смета себеси за понизно орудие во Христовите раце и стрпливо и верно ја извршува секоја должност, потпирајќи се на помошта што Бог ја ветил, тогаш ќе го носи Христовиот јарем и ќе го чувствува лесен, ќе носи бреме за Христа без да му биде тешко, и со храброст и утеха ќе може да каже: „Знам во Кого сум поверувал, и уверен сум дека Он е моќен мојот залог да го запази за оној ден“ (2 Тимотеј 1:12). {ПЖ 82.2}

Ако на нашиот пат сретнуваме пречки и верно ги совладуваме, ако наидуваме на спротивставување и прекорување и во Христовото име извојуваме победа, ако ги носиме одговорностите и ги извршуваме должностите во духот на нашиот Учител, тогаш стекнуваме скапоцено познавање на Неговата полнота и сила; повеќе нема да зависиме од искуствата на другите, затоа што го имаме сведоштвото во себе, и како некогашните Самарјани ќе можеме да кажеме: „Сами чувме и знаеме дека Тој е Спасител на светот, Христос“ (Јован 4:42). {ПЖ 83.1}

Колку повеќе го разгледуваме Христовиот карактер и колку повеќе ја искусуваме Неговата спасоносна моќ, толку поживо ја согледуваме сопствената слабост и несовршеност и толку посериозно гледаме на Христа како на наша сила и Избавител; бидејќи во нас нема сила да го очистиме храмот на душата од нечистотијата, но ако се покаеме за гревовите против Бога и бараме простување преку Христовите заслуги, Тој ќе ни даде вера што дејствува преку љубовта и го очистува срцето, па со вера во Христа и со послушност кон Божјиот закон можеме да бидеме посветени и да станеме достојни за друштво со светите ангели и за заедница со избавените, облечени во бели облеки во царството на славата. {ПЖ 83.2}

Единството со Христа е наше предимство

Не е само првенство, туку и должност на секој христијанин да одржува интимно единство со Христа и да стекне богато искуство во Божјите работи, зашто тогаш неговиот живот ќе биде плоден во добри дела; Христос вели: „Со тоа ќе се прослави Мојот Отец, ако вие принесувате многу плод и ако бидете Мои ученици“ (Јован 15:8). Кога ги читаме биографиите на луѓе познати по својата побожност, често мислиме дека нивните искуства и достигнувања се недостижни за нас, но не е така: Христос умрел за сите, и Неговото ветување ни е сигурно — Тој е поподготвен да ни го даде Својот Свет Дух ако бараме, отколку што земските родители се подготвени да им даваат добри дарови на своите деца. Пророците и апостолите не го усовршувале христијанскиот карактер со некое чудо; тие ги користеле сите средства што Бог им ги ставил на дофат, и сите што ќе вложат ист напор можат да ги постигнат истите резултати. {ПЖ 83.3}

Павловата молитва за црквата

Во своето послание до црквата во Ефес, Павле ја истакнува пред нив „тајната на Евангелието“ и „неискажливото богатство Христово“, а потоа ги уверува во своите срдечни молитви за нивниот духовен напредок, говорејќи: {ПЖ 84.1}

„Затоа ги преклонувам колената свои пред Отецот на нашиот Господ Исус Христос… да ви даде, по богатството на Својата слава, сила да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек, и преку верата Христос да се всели во срцата ваши, та вкоренети и утврдени во љубовта, да можете да разбирате со сите светии што е ширината и должината, што е длабочината и височината, и да ја узнаете Христовата љубов, што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3:14–19). {ПЖ 84.2}

Тој им пишува и на своите браќа во Коринт: „До осветените во Исуса Христа… да имате благодат и мир од нашиот Бог Отец и од Господа Исуса Христа. Секогаш му благодарам на Бога за вас поради даруваната ви во Христа Исуса Божја благодат, зашто преку Него се обогативте со сè, во секое слово и во секое знаење, откако се утврди во вас Христовото сведоштво, така што да не се лишувате од никаков дар, вие што го очекувате откровението на нашиот Господ Исус Христос“ (1 Коринтјаните 1:2–7); овие зборови не се упатени само до заедницата во Коринт, туку до целиот Божји народ до крајот на времето, и секој христијанин може да се радува на благословите од посветувањето. {ПЖ 84.3}

Апостолот продолжува: „Браќа, ве молам, во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате едно и исто, и помеѓу вас да нема делење, туку да бидете соединети во еден дух и во една мисла“ (1 Коринтјаните 1:10). Павле не би апелирал да сторат нешто невозможно; единството е најсигурен резултат на христијанското посветување. {ПЖ 85.1}

Во посланието до Колосјаните, Павле ги истакнува славните предимства ветени за Божјите деца: „Бидејќи чувме за вашата вера во Христа Исуса и за љубовта ваша, која ја имате кон сите светии, поради надеж на она што ви е определено на небесата… затоа и ние од оној ден, кога го чувме тоа, не престануваме да се молиме и да сакаме да се исполните со познавање на Неговата волја во секоја мудрост и духовно разбирање, та да постапувате достојно за Бога, угодувајќи Му во сè, принесувајќи плод во секое добро дело и да растете во познавањето на Бога, укрепувајќи се со секаква сила преку Неговата славна моќ за секаква трпеливост и големодушност со радост“ (Колосјаните 1:4–11). {ПЖ 85.2}

Степен на светоста

И самиот апостол се трудеше да го постигне истиот степен на светост што им го препорачуваше на своите браќа, па затоа им пишува на Филипјаните дека сè што порано го сметал за придобивка сега го смета за штета „спрема преважното познавање на Христа Исуса“, копнеејќи да Го познае Него, силата на Неговото воскресение и учеството во Неговите страдања, „та некако да го достигнам воскресението на мртвите“, но истовремено искрено признава: „не затоа што веќе достигнав, или дека веќе постигнав совршенство, туку се стремам… го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта“ (Филипјаните 3:7–14). Тука се гледа јасна спротивност меѓу фалбените, самоправедни тврдења на оние што велат дека се без грев и понизниот говор на апостолот; а токму чистотата и верноста на неговиот живот им давале тежина и сила на неговите опомени кон браќата. {ПЖ 86.1}

Волјата Божја

Павле не пропуштал во секоја згодна можност да ја нагласи важноста на библиското посветување. Тој вели: „Зашто знаете какви заповеди ви дадовме од Господа Исуса. Ова е волјата Божја: да бидете осветени“ (1 Солунјаните 4:2–3). И уште: „Затоа, возљубени мои, како што секогаш ме слушавте, не само во мое присуство, туку многу повеќе сега, кога сум отсутен, со страв и трепет градете го вашето спасение, оти Бог е Оној, Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја. Правете сè без ропот и двоумење, за да бидете прави и чисти, непорочни чеда Божји среде лош и расипан род, во кој светите како светила во светот“ (Филипјаните 2:12–15). {ПЖ 86.2}

Тој му заповедал на младиот Тит да ја поучува заедницата дека, ако се потпираат на Христовите заслуги за спасение, Божјата милост што живее во нивните срца ќе ги води кон верно извршување на животните должности: „Напоменувај им да се

покоруваат на началствата и властите, да бидат готови за секое добро дело… Верни се тие зборови; и јас сакам да го утврдуваш тоа, та оние што поверувале во Бога да се трудат и да се грижат за добри дела: ова е полезно и добро за луѓето“ (Тит 3:1–8). {ПЖ 87.1}

Павле сака да ни го врежи фактот дека љубовта е темел на секоја вистинска, прифатлива служба за Бога и круна на христијанските добродетели, и дека само во душата во која владее љубов ќе пребива Божјиот мир: „И така, како избраници Божји, свети и возљубени, облечете се во милосрдност, доброта, смиреност, кроткост и долготрпеливост; трпете се еден со друг и проштавајте си. Ако некој има поплака на некого, како што Христос ви прости, така и вие направете! А над сето тоа облечете се во љубов, која е врска на совршенството, и мир Божји да владее во срцата ваши, за што сте повикани во едно тело, и бидете благодарни! Словото Христово изобилно нека се всели во вас; во секоја мудрост да се учите и да се советувате еден со друг со псалми и химни, и со духовни песни, пеејќи Му на Господа со благодарност во срцата ваши! И сè што вршите со збор или дело, вршете го во името на Господа Исуса Христа, благодарејќи Му преку Него на Бога и Отецот“ (Колосјаните 3:12–17). {ПЖ 87.2}

Поглавје 11

Христијанското првенство

Многумина кои искрено копнеат по светост на срцето и чистота на животот, честопати се чувствуваат збунето и обесхрабрено. Тие постојано гледаат во себе и очајуваат поради својот недостаток на вера; а бидејќи чувствуваат дека им недостига вера, сметаат дека немаат право на Божјиот благослов. Овие личности погрешно ги заменуваат чувствата со верата. Тие не ја гледаат едноставноста на вистинската вера и со тоа навлекуваат голема темнина врз своите души. Наместо да се фокусираат на себе, тие треба да се сосредоточат на Божјата добрина и милост, да ги повторуваат Неговите ветувања и едноставно да веруваат дека Тој ќе го исполни Својот збор. Ние не треба да се надеваме на сопствената вера, туку на Божјите ветувања. Кога ќе се покаеме за нашите минати престапи на Божјиот закон и цврсто ќе решиме да Му бидеме послушни во иднина, треба да веруваме дека Бог ќе нè прими заради Христос и ќе ни ги прости гревовите. {ПЖ 89.1}

Темнина и потиштеност понекогаш ќе ја обземаат душата, заканувајќи се да нè совладаат, но не треба да ја губиме својата надеж. Мораме да гледаме кон Христа, без оглед на тоа што чувствуваме. Треба да се стремиме верно да ја извршуваме секоја позната должност и тогаш мирно да се потпреме на Божјите ветувања. {ПЖ 89.2}

Живот на вера

Чувството дека сме недостојни понекогаш ја исполнува нашата душа со страв, но тоа не е никаков доказ дека Бог го променил Својот однос кон нас, или пак ние кон Него. Не треба да правиме посебни напори за емоционално напрегање, напнатост или возбудување. Можеби денес нема да чувствуваме мир и радост какви што сме чувствувале вчера; но ние треба со вера да се фатиме за Христовата рака и целосно да Му се довериме – како во темнината, така и на светлината. {ПЖ 90.1}

Сатаната можеби ти шепнува: „Ти си толку голем грешник, што Христос не може да те спаси“. Меѓутоа ако признаеш дека си грешен и недостоен, можеш да го одвратиш искушувачот со извик: „Преку доблеста на помирувањето јас го признавам Христа за свој Спасител; не се надевам на свои заслуги, туку на Неговата скапоцена крв што очистува; овој миг ја потпирам својата немоќна душа врз Христа“. Христијанскиот живот, тогаш, не се темели на променливи чувства, туку на постојана жива вера — непоколеблива надеж и цврста потпора во Христа, кои ѝ носат мир и сигурност на душата. {ПЖ 90.2}

Отпор кон искушението

Немојте да се обесхрабрите доколку срцата ви изгледаат стврднати. Секоја пречка, секој внатрешен непријател само ја зголемува вашата потреба за Христа. Тој доаѓа да го отстрани каменото срце и да ви дарува месно. Барајте од Него специјална милост за да ги совладате своите специјални недостатоци. Кога сте нападнати од искушението, цврсто спротивставете се на злите побуди; речете ѝ на својата душа: „Како можам да го обесчестам својот Избавител? Јас сум се предал на Христа; не можам да ги чинам делата ѓаволски“. Повикај кон драгиот Спасител да ти помогне да го жртвуваш секој идол и да го отфрлиш секој омилен грев. Нека твоите очи на верата Го гледаат Христа како стои покрај престолот на Отецот, покажувајќи ги Своите прободени раце, молејќи се за тебе. Верувај дека од твојот скапоцен Спасител ќе ти стигне сила и помош. {ПЖ 90.3}

Гледајќи со очите на верата

Со вера гледајте на венците кои се подготвени за оние кои ќе победат; слушајте ги радосните песни на избавените: „Достојно е Јагнето заклано, кое нè откупи за Бога!“ Замислете ги овие сцени како реалност. Стефан, првиот христијански маченик, во својата страшна борба со поглаварствата, властите и духовите на пакоста под небото, извикува: „Еве, ги гледам небесата отворени и Синот Човечки како стои од десната страна на Бога“ (Дела 7:56). Спасителот на светот му се открил како гледа од небото кон него со најдлабоко интересирање, а славната светлост на Христовото лице блескала врз Стефан со таков сјај, што дури и неговите непријатели виделе дека неговото лице свети како лице на ангел. {ПЖ 91.1}

Кога повеќе би се занимавале со Христа и со небесниот свет, ние би нашле силен поттик и помош во водењето на борбата Господова. Гордоста и љубовта кон светот ја губат својата моќ кога размислуваме за славата на подобриот свет и за новата земја, која наскоро ќе биде нашиот дом. Споредени со привлечноста на Христа, сите земски привлечности ќе изгледаат како да се со мала вредност. {ПЖ 91.2}

Никој да не мисли дека без сериозни напори од своја страна ќе може да ја достигне сигурноста на Божјата љубов. Ако долго му дозволуваме на нашиот дух да се занимава со земските работи, тогаш тешко ќе се променат навиките на мислење. Она што окото го гледа и увото го слуша, најчесто го привлекува вниманието и го обзема интересот. Но, ако сакаме да влеземе во Божјиот град и да Го гледаме Христа и Неговата слава, мораме да се навикнеме да Го гледаме уште тука со очите на верата. Зборовите и карактерот Христов треба често да бидат предмет на нашите мисли и разговори, и секој ден одредено време треба да биде специјално посветено за побожно размислување околу овие свети теми. {ПЖ 91.3}

Смиреност на духот

Посветувањето е секојдневна работа. Никој да не се лаже со верувањето дека Бог ќе ги прости и благослови оние кои газат една од Неговите заповеди. Доброволното попуштање пред еден познат грев го стишува сведоштвото на Духот и ја одвојува душата од Бога. Каква и да е религиозната воодушевеност, Исус не може да живее во срцето кое не го почитува Божјиот закон. Бог ќе ги почитува само оние кои Го почитуваат Него. {ПЖ 92.1}

„Слуги сте му на оној кому сте му послушни“ (Римјаните 6:16). Доколку негуваме лутина, желба, похот, лакомство, мрзливост, себичност или кој и да е друг грев, ние стануваме слуги на тој грев. „Никој не може да им служи на двајца господари“ (Матеј 6:24). Ако му служиме на гревот, тогаш не можеме да Му служиме на Христа. Христијанинот ќе го чувствува нагонот на гревот, затоа што телото се бори против духот, а духот се бори против телото, водејќи постојано борба помеѓу себе. И токму тука е потребна Христовата помош. Човечката слабост станува соединета со

божествената сила, и верата воскликнува: „Да Му благодариме на Бога Кој ни дарува победа преку нашиот Господ Исус Христос“ (1 Коринтјаните 15:57). {ПЖ 92.2}

Правилни религиозни навики

Ако сакаме да развиеме карактер кој Бог може да го прими, мораме да ги усвоиме исправните навики во нашиот верски живот. Секојдневната молитва е битна за растењето во милоста, па дури и за самиот духовен живот, исто како што е редовната храна потребна за телесната благосостојба. Треба да се навикнеме често да ги подигаме мислите во молитва кон Бога. Доколку духот ни талка, мораме да го враќаме назад и со постојано настојување тоа конечно ќе стане лесно. Не можеме ниту еден момент со сигурност да се оддалечиме од Христа. Можеме да ја имаме Неговата присутност на секој чекор, но само доколку ги почитуваме условите кои Тој Самиот ги поставил. {ПЖ 93.1}

Религијата мора да стане најважната работа во животот. Сè друго треба да ѝ биде потчинето на неа. Сите наши душевни, телесни и духовни сили мораат да се ангажираат во христијанското војување. Мораме да Го молиме Христа за сила и милост, и тогаш ќе постигнеме победа така сигурно, како што е сигурно дека Христос умрел за нас. {ПЖ 93.2}

Вредноста на една душа

Мораме да пријдеме поблиску до Христовиот крст. Покајанието при подножјето на крстот е вистинската лекција за мирот која треба да ја научиме. Љубовта Христова — кој може да ја разбере? Безгранична, нежна и самооткажувачка, повеќе од мајчинската љубов! Ако сакаме да ја знаеме вредноста на една душа, мораме да гледаме на живата вера на крстот и тогаш да почнеме да го проучуваме она што ќе биде наука и песна на спасените преку целата вечност. Вредноста на нашето време и на нашите таланти може да се процени единствено преку големината на откупната цена која е платена за нашето избавување. Каква неблагодарност покажуваме кон Бога кога Му го одземаме Неговото сопственичко право, скратувајќи Му ја нашата наклоност и нашата служба! Дали е премногу да Му се предадеме Нему, Кој жртвувал сè за нас? Можеме ли да го одбереме пријателството на светот пред бесмртните почести кои Исус ги нуди, говорејќи: „На оној кој ќе победи ќе му дадам да седне со Мене на престолот Мој...“ (Откровение 3:21). {ПЖ 93.3}

Едно прогресивно дело

Посветувањето е прогресивно (напредно) дело. Редоследот на скалилата ни е прикажан преку зборовите на апостолот Петар: „Затоа, грижејќи се за ова сестрано, принесете кон верата своја добродетел, а кон добродетелта разум, кон разумот воздржување, кон воздржувањето трпение, кон трпеливоста побожност, кон побожноста братољубие, кон братољубивоста љубов. Оти ако овие добродетели ги има во вас и се умножуваат, тие нема да ве остават празни, ниту бесплодни во познавањето на нашиот Господ Исус Христос“ (2 Петрово 1, 5-8). Потоа тој вели: „Браќа, затоа уште повеќе настојувајте да го зајакнете вашиот повик и избор, оти, ако го вршите тоа, никогаш нема да погрешите, бидејќи по таков начин ќе ви се овозможи слободен влез во вечното царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос" (стих 10, 11). {ПЖ 94.1}

Тука ни е изложено правилото според кое можеме да бидеме сигурни дека никогаш нема да згрешиме. Оние што постапуваат според овој план за стекнување на христијанската благодат, имаат сигурност дека Бог ќе делува според принципот на умножување, дарувајќи им ги даровите на Својот Дух. Петар им се обраќа на сите кои сакаат да ја задобијат истата драгоцена вера: „Благодатта и мирот со познавањето на Бога и Христа Исуса, нашиот Господ, да ви се умножи“ (стих 2). Преку Божјата милост, сите оние кои сакаат можат да се искачуваат по светлите скалила од земјата до небото и конечно, „пеејќи со вечна радост“ (Исаија 35:10), ќе влезат низ портите во светиот Божји град. {ПЖ 94.2}

Нашиот Спасител од нас бара сè: нашите први и најсвети мисли, нашите најчисти и најсилни склоности. Меѓутоа, доколку имаме удел во божествената природа, Неговата слава постојано ќе биде во нашите срца и на нашите усни. Нашата сигурност е во тоа да Му се предадеме себеси и сè што имаме Нему, и постојано да растеме во благодатта и во познавањето на вистината. {ПЖ 95.1}

Павловиот восклик на победа

Апостолот Павле бил високо почестен од Бога, бидејќи бил вознесен во света визија до третото небо, каде што видел сцени чија слава не му било дозволено да ја открие. Сепак, тоа не го навело на фалење или самозадоволство. Тој ја разбрал важноста на непрестајното бдеење и самоодрекување, па јасно изјавил: „Туку го истоштувам и го поробувам телото, за да не би ненамерно, проповедајќи им на другите и сам да станам негоден“ (1. Коринтјаните 9:27). {ПЖ 95.2}

Апостолот Павле страдал за вистината, но сепак од неговите усни не слушаме никаква жалба. Гледајќи наназад на својот животен пат исполнет со труд, грижи и жртви, тој изјавил: „Оти мислам дека страдањата на сегашното време не се ништо спрема славата, која ќе се јави во нас“ (Римјаните 8:18). Победничкиот восклик на овој верен Божји слуга одекнува сè до нашето време: „Кој ќе не одвои од љубовта Божја: тага ли, неволја ли, или гонење, глад ли, или голотија, опасност ли или меч? Како што е

напишано: Заради Тебе секогаш не убиваат, не сметаат како овци за колење. Но во сето ова победуваме преку Оној, Кој нѐ возљуби. Оти сигурно знам дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни силите, ни сегашнината, ни иднината, ни височината, ни длабочината, ниту, пак некоја друга твар ќе може да не оддели од љубовта Божја во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 8:35-39). {ПЖ 95.3}

И покрај тоа што Павле бил затворен во римска ќелија, одвоен од светлината и небесниот зрак, отстранет од својата активна работа во Евангелието и во секој миг очекувајќи ја смртната пресуда, тој не им се предавал на сомнежот или на обесхрабрувањето. Од таа мрачна ќелија доаѓало неговото претсмртно сведоштво, полно со возвишена вера и храброст, кое ги вдахнувало срцата на светиите и мачениците во сите наредни векови на христијанската ера. Неговите зборови прекрасно ги опишуваат резултатите на она посветување кое на страниците на оваа книга настојувавме да го прикажеме: ,,Зашто јас веќе станувам жртва, а времето на моето одење настапи. Добро се борев, патот го завршив, верата ја запазив; понатаму ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото доаѓање“ (2 Тимотеј 4:6-8). {ПЖ 96.1}